**УНИВЕРЗИТЕТ “СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА

СКОПЈЕ


# МАГИСТЕРСКИ ТРУД

## *Еднакви образовни можности на Ромите во Скопје*


**Ментор:**
**Проф. д-р Зоран Матевски**

**Кандидат:**
**Емина Шемо**

Еднакви образовни можности за Ромите од Скопје – Емина Шемо

**Скопје, 2013 год.**

## Предговор

Со истражувањето, презентирано во магистерскиот труд, опфатени се научните, историските и нормативните темели, институционалната рамка и функционирањето на образовниот систем во Скопје, со осврт кон еднаквите образовни можности за децата од ромската етничка заедница.

Магистерскиот труд е поделен во два дела, теоретски и истражувачки дел. Во првиот дел детално се елаборирани социолошките аспекти на подготовките (перманентните трансформации и реформи) преземени со цел да се анализираат сите фактори коишто ја предизвикуваат оваа образовна состојба, за да потоа истите бидат употребени при поставувањето на идни препораки за управување со образовниот систем во Скопје. Во вториот, истражувачкиот дел фокусот при спроведувањето на истражувањето е поставен кон еднаквите образовни можности на децата од ромската етничка заедница особено во средините на потекло каде статистистиките покажуваат дека е најзастапено ромското население. Во таа насока, истражувањето особено е насочено кон ромските населби Шуто Оризари, Баир – Битола и Тризла-Прилеп.

Во првата глава на магистерскиот труд насловена како ***Поим за образование*** се наведени дефинициите за образованието и истите се поткрепени со социолошките теории за образованието. Потоа, се елаборира поврзаноста помеѓу образовниот систем и глобализацијата како масовна светска појава. Последователно на тоа, се анализира образовната стратификација која е објаснета преку проблемите на (не)еднаквоста во образованието. На крајот од првата глава, се објаснуваат еднаквите образовни можности со осврт на концепциите за еднаквите образовни можности.

Во втората глава од магистерскиот труд насловена како ***Општа состојба во Република Македонија*** е особено видлива документарната анализа. Општата состојба на децата од ромската етничка заедница во однос на образовните можности се согледува преку анализирање на Уставот, Законот за основно образование, Меѓународните договори и Конвенциите коишто Република Македонија ги ратификувала, а се однесуваат на универзалните човекови права. Со цел согледување на имплементацијата на регулативата, се анализираат Стратегијата за Ромите и Декадата за инклузија на Ромите, како државни политики кои се однесуваат на Ромите.

Во третата глава од магистерскиот труд насловена како ***Видливоста на ромските деца во образованието на Република Македонија*** се употребува компаративниот метод бидејќи податоците за децата од ромската етничка заедница се споредуваат со децата од останатите етнички заедници. Во оваа глава се содржани основните податоци за Ромите во Република Македонија, а по претставувањето на статистичките податоци се анализира проблемот на застапеноста на децата од ромската етничка заедница во образовниот систем низ целата образовна хиерархија.

Во четвртата глава од магистерсиот труд насловена како ***Ромите во образовниот систем на Република Македонија,*** се поаѓа од општата хипотеза според која социјалното потекло на децата од ромската етничка заедница влијае на еднаквите образовни можности во Скопје. Во оваа глава, се анализира проблемот на (не)застапеноста на децата од ромската етничка заедница во образовниот систем, водејќи се хиерархиски при што, проблемот се третира од предучилишните образовни институции до високите образовни институции.

Во петтата глава од магистерскиот труд насловена како ***Утврдување на потребите на ромските ученици поврзани со сите нивоа на образование*** се опишуваат сите потреби на децата од ромската етничка заедница од аспект на образованието и се анализираат сите досегашни пропусти во основните државни политики[1]. Потоа, се објаснува потребата од реорганизација на образованието на децата од ромската етничка заедница во Република Македонија, еднаквоста на образовните можности како теорија и идеологија и стратегиите за подобрување на загрозената образовна состојба на децата од ромската етничка заедница.

По теориското прикажување, во магистерскиот труд следи вториот истражувачки дел, кој има за цел да ја долови реалната, практична слика на проблематиката на магистерскиот труд, која е насочена кон анализа на (не)постоењето на еднаквите образовни можности на децата од ромската етничка заедница. Тука, табеларно и графички се изнесени добиените резултати коишто ги даваат заклучните согледувања, при што се создава можноста за директно согледување на потребите и давање на предлози за идно, поуспешно управување со образовните можности на децата од ромската етничка заедница.

---

[1] Како основни државни политики како предмет на анализа ги селектиравме Стратегијата за Ромите и Декадата за инклузија на Ромите, како државни политики кои се однесуваат на Ромите.

Искажувам голема благодарност до целокупниот персонал на **УНИВЕРЗИТЕТОТ " СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" , ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ во СКОПЈЕ,** особено до наставниот кадар на Институтот за **СОЦИОЛОГИЈА** кој покажа високо ниво на професионалност при соработката со студентите од вториот циклус на студии - последипломски студии.

Професорот **Зоран Матевски** повеќе од еден семестар ми посочуваше соодветна литература, методологија на обработка и совладување на содржините што остави траги во моето разбирање на еднаквите образовни можности. Моите амбиции да ги простудирам еднаквите образовни можности ги сведе на остварлив проект.

Со овој магистерски труд ќе се оправдаат, се надевам, очекувањата на **УНИВЕРЗИТЕТОТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ", ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ** во **СКОПЈЕ,** при што исто така, тезите коишто ги наведов во пријавата, ќе ги сметаат за успешно прикажани и реализирани преку единствени, специфични и оригинални начини.

## Содржина

Вовед ..........8

**ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ**

***I ПОИМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ***

1. Дефинирање на образованието, функции и различни пристапи кон образованието ..........11
2. Социолошки теории на образованието ..........13
   2.1. Функционална теорија ..........13
   2.2. Манифестна функција на училиштата ..........14
   2.3. Конфликтни теории за образованието ..........16
3. Глобалното општество и образованието ..........17
4. Општествената стратификација и образованието ..........20
5. Проблеми на (не)еднаквоста во образованието ..........21
6. Еднаквост на образовни можности ..........23
   6.1. Концепции за еднаквост на образовните можности ..........26

***II ОПШТА СОСТОЈБАНА РОМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

1. Каква е состојбата на Ромите според Уставот ..........29
2. *Законот за основно образование и опис на образовниот систем во* Република Македонија ..........31
3. Меѓународни Договори и Конвенции кои Република Македонија ги ратификувала, а се однесуваат на човекови права ..........38
4. Поликтики на државата кои се однесуваат на Ромите ..........41
   4.1. Нормативна рамка ..........45
   4.2. Актуелна состојба ..........45

***III ВИДЛИВОСТА НА РОМСКИТЕ ДЕЦА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***


1. Проблемот на застапеноста на учениците Роми во редовниот образовен процес ..........46
2. Хиерархиско управување со ромското население ..........47
    2.1. Предучилишни знаења ..........48
    2.2 Основни запознавања и социјализација ..........49
    2.3. Средното образование како можност за трансформација на ромската општествена положба ..........53
    2.4. Ромите во високообразовните институции..........56
3. Општи податоци за Ромите во Република Македонија ..........58


***IV УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА РОМСКИТЕ УЧЕНИЦИ ПОВРЗАНИ СО СИТЕ НИВОА НА ОБРАЗОВАНИЕ***


1. Потреби на учениците Роми по нивоа на образование ..........60
2. Потреба од реформирање на ромското образование во Република Македонија ..........62
3. Еднаквоста на образовните шанси како теорија и идеологија ..........63


**ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ**


***I МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО***..........75

***II ДОБИЕНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ***..........77

***Заклучни согледувања*** ..........166

***Користена литература*** ..........168

## Вовед

Најопшто дефинирано, образованието претставува фундаментално човеково право и остварувајќи го истото децата, младите и возрасните развиваат можност за критички да размислуваат, да прават компарација помеѓу две или повеќе работи, да селектираат што е најдобро за нив и на тој начин да го направат нивниот начин на живот поквалитетен. Уште од многу одамна образованието се смета како превентивен чекор против сиромаштијата и колку повеќе се развива толку повеќе се обезбедува подобар економски и социјален развој. Сепак, образованието не е само еден едноставен процес на трансформација и напредок, туку во неговите структури се кријат низа на проблеми и недостатоци. Како проблем кој е особено актуелен е проблематиката поврзана со образованието на Ромите во Скопје. За ромската заедница оваа проблематика е актуелна бидејќи ситуацијата со децата од ромската етничка заедница станува алармантна и сé поголем е бројот на деца од ромската етничка заедница кои што просат по улиците и поради тоа уназадуваат во однос на образованието и социјализацијата со другите деца кои се образуваат.

Цел на образовната политика на секоја земја е да обезбеди можности за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и да осигура дека поединците поседуваат знаење, вештини и ставови кои се во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот. Поради тоа образованието мора да биде достапно за секој кој што живее на тлото на Македонија, без оглед на неговата возраст, пол, религиозна определба, етничка припадност, здравствена состојба и социјална и финансиска положба. Исто така, мора да ги поседуваат сите карактеристики на ефикасност и ефективност за да бидат во состојба да пружат општа и стручна компетентност (Георгиевски, 1999: 23-25).

Сепак, тоа се сведува само на теориска дефиниција, па така според Државниот завод за статистика[2], 2009/2010 год. од 1628 деца од ромската етничка заедница кои се запишале во основно училиште, истото го завршиле 289 ученици.

Причините поради оваа алармантна состојба се разновидни и многубројни. Како причини се јавуваат економско-социјалното потекло на учениците, нискиот степен на образование на родителите, како и невклучувањето на децата во предучилишните установи.

Со цел да се надмине оваа состојба, се донесе законот за задолжително основно образование, но сепак во праксата не се видливи подобри резултати во однос на ромското население. Така, сé уште цути сиромаштијата и децата од ромската етничка заедница се повторно на улиците каде се обидуваат да го добијат лебот за да преживеат. Тука се појавува образованието како клучен фактор и од него се очекува да ги надмине проблемите и да ги елиминира факторите кои предизвикуваат образовна апстиненција и осипување на корисниците на образовни услуги.

Во однос на децата од ромската етничка заедница од аспект на половата структура особено загрижувачки е податокот дека сé повеќе девојчиња од ромската етничка заедница завршуваат на улиците каде се максимално небезбедни и максимално одалечени од училишните клупи. Во рамките на магистерскиот труд ќе го анализираме проблемот на еднаквоста на образовните можности на ромските деца започнувајќи од предучилишните институции, па до највисоките степени на образование.

[2] Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/, Пристапено на 15.03.2013 год.

# *Теоретски дел*

# I ПОИМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Дефинирање на образованието, функции и различни пристапи кон образованието

При новонастанатите услови, образовниот циклус не застанува и нема граници. Денес е многу тешко да се задржи епитетот образован човек, бидејќи образовниот систем постојано се унапредува и проширува. Од компаративен аспект, во минатото општо прифатена била идејата дека образован е оној човек кој добро го владее мајчиниот јазик и ја познава литературата на истиот тој јазик, а исто така тој човек е добро упатен и кон главните филозофски прашања коишто долго време биле предмет на анализирање. Но, денес е неможно да се владее со целината на знаењата во различните области и да се познава подлабоко некоја област која е настрана од сопствената струка (Жоглев, 2002: 81).

Човекот има постојана потреба да напредува во своето образование, пред сé поради фактот дека тој се соочува со ситуации кои е неопходно да ги реши со помош на знаењето и искуството. Како знаењето, така и искуството се составни компоненти на образовниот процес кој започнува од најраната возраст, а нема крај бидејќи сè додека е жив, човекот учи. Кога тој ќе научи доволно за една област, се насочува кон друга и така неговото трагање по нови сознанија, нови можности никогаш не застанува. Стекнувањето на образование е неопходно и претставува цел кон која треба да се стреми секој човек затоа што единствено образованиот човек може да напредува во својот живот и да ги реализира своите цели коишто се негова движечка сила.

Во крајна линија може да се каже дека никогаш човекот докрај не може да биде пасивен во образовните процеси (иако во историјата се познати педагошки системи со многу висок степен на присила и контрола), ниту пак тој може целосно да биде самостоен, без било какво (директно или индиректно) влијание на другите учени луѓе (лично од нив или преку нивните ставови презентирани во статии, книги и сл.) (Жоглев, 2002:81-82).

Всушност, човекот воопшто во општественото уредување не ја обезбедува својата егзистенција и не ги задоволува своите фундаментални потреби самостојно, инидивудално, туку со помош на општествена интеракција која претставува сложен и динамичен процес. Сепак, самата интеграција се учи со искуството, низ годините кои човекот ги посветува на образованието. Човекот преку образованието учи како да комуницира со останатите членови во заедницата, како да просперира во рамките на таа општествена заедница без да им наштети на другите. Учи како да биде во постојано движење и развива вештини за да ги оствари своите животни цели без оглед на факторите кои го условуваат.

Образованието може повеќе да се дефинира како активност чија цел е развивање на знаењата, моралните вредности и сфаќањата кои се бараат во сите области од животот, отколку знаења и вештини кои се поврзани со одредени ограничени области на активност. Образованието како поширок поим, се однесува на сите меѓучовечки влијанија (свесни или несвесни, сеедно) кои се извршени врз адолесцентите и возрасните, а со помош на кои се постигнуваат трајни промени во однесувањето (Коковиќ, 1994:57)

Промените коишто настануваат како резултат на образовниот систем влијаат врз конструирањето на карактерот на личноста и ја обезбедуваат нејзината стабилност. Со стекнувањето на образованието личноста добива самодоверба и верува дека може на едноставен начин да ги реши сите проблеми со кои ќе се соочи без разлика на нивната сложеност и динамика. Спротивно на тоа, личноста која нема образование е под ризик на постојани бариери кои се тешки за надминување.

Всушност, без разлика на возраста, луѓето се соочуваат со непредвидливи ситуации за кои треба да се пронајде решение, а вистинското решение за проблемите можеме да го пронајдеме единствено со рационално анализирање на работите од повеќе аспекти.

## 2. Социолошки теории на образованието

Сите теории на образование се во договор за неговата голема важност, но тие даваат различни објаснувања и предлози за унапредување на еднаквите образовни можности коишто се претставени како загрозени.

### 2.1. Функционална теорија

Според овие претставници на социјализацијата, функцијата на образованието е најважна. На пример, Емил Диркем верува дека училиштето е мост меѓу поединецот и општеството. Според него, современите општества се хетерогени, со развиена поделба на трудот.

Во оваа разновидност, која не може да се спречи потребно е да се донесат некои количини на хомогеност, еднаквост, за да се осигура интеграцијата на општеството. Всушност, луѓето со повисок степен на образование видно се разликуваат од оние со понизок степен на образование и тука настанува нееднаквоста. Кога би се мотивирале луѓето да се одлучат за повисоки степени на образование не би постоела толку изразена нееднаквост од аспект на достигнувањата, бидејќи сите би биле во близина и општествената хиерархија не би броела голем број на образовни нивоа и достигнувања.

Училиштето е главно средство за постигнување еднаквост. Талкот Парсонс, исто така, сметал дека училиштето е жариште во модерните општества. Училиштето ги учи децата за тоа како општеството не е составено од родителите, роднините, пријателите, туку дека во одделението можностите и условите се еднакви за сите. Училиштето ги учи децата да ги прифатат разликите меѓу партикуларистичките и универзалистичките норми на вреднување, а тоа е важно за да се вклучат во светот на возрасните (Bourdueu, 2000: 218-233).

Образованието е првиот чекор напред во животот на детето. Уште од својата најрана возраст, детето се социјализира во рамките на образовните институции. Тука учи како да го разликува доброто од злото и како да ги носи во иднина најдобрите одлуки за себе и блиските околу него. Токму затоа, од големо значење е децата уште во најраните облици на образование да имаат еднакви можности и права затоа што само на тој начин во општеството ќе постои рамноправност во однос на еднаквите образовни можности.

## 2.2. Манифестна функција на училиштата

Манифестната функција на училиштата се состои во следното:

- - Пренос на културните традиции и социјализацијата
- - Училиштето значи функционирање на општествен систем како целина.

Училиштето е општествена институција која служи за селекција и распределба на општествената положба. (Foster, 1987: 173-179)

Во таа смисла, децата пристапуваат кон образовниот систем со цел стекнување на образовно искуство и пријатели, но овие образовни активности треба да се контролираат бидејќи не смее да се дојде до дискриминаторски третман, особено не во најраната возраст, каде децата се најранливи.

Во училиштето треба да се почитуваат меритократски правила - систем на пристрасни, објективни мерила на вреднување на способноста, трудот и достигнувањата на поединците. Овие принципи треба да се вредуваат во целото општество (кој работи посложена работа треба подобро да се плати), но се особено значајни во училиштето. Ова значи дека учениците кои се трудат повеќе и имаат подобри вештини, треба да добијат подобра оценка, која ќе им овозможи да го продолжат своето образование и подобро платена работа, а со тоа и подобра општествена положба. (Foster, 1987: 173-179)

Училиштето би требало да служи како општествен механизам на селекција - избор на најспособни поеднинци кои ќе заземаат најзначајна положба во општеството. Во исто време, училиштето е општествен механизам на распределба - дистрибуција на луѓето во одредени професионални улоги.

Со исполнување на овие две важни функции, училиштето придонесува за зајакнување на социјалната интеграција. Ова е особено важно во расни и етнички мешани општества.

На пример, во САД се учи што тоа значи да се биде американец од различно расно и етничко потекло. Младите таму усвојуваат заедничко културно наследство и се подготвени да бидат одговорни граѓани. Се разбира, ова не е само за Американците. (Foster, 1987: 179-184)

Покрај манифестната функција на училиштата, постои и латентна функција на училиштата (ненамерна улога на училиштата), како: Училиштата служат како институции за згрижување на деца, места каде што децата се безбедни. Училиштето како "брачен пазар", може да служат да младите избираат партнери од слично општествено потекло. Училиштето развива општествени вештини за комуникација, склопување пријателства. Формалното образование ги чува младите луѓе на пазарот на трудот, а со тоа предизвикува намалување на невработеноста и спречување на конкуренција помеѓу младите и возрасните за работа.

Доколку сериозно и правилно се пристапи кон образовните можности, образованието може да биде основен фактор за тотална трансформација на личноста кон подобро. Преку образованието се стекнуваат потребните општествени и работни квалификации, но еднаквоста во уживањето на овие права е често предмет на анализа.

## 2.3. Конфликтни теории за образованието

Овие теории ја нагласуваат улогата на училиштата во репродукцијата и легализација на постојните општествени односи. Училиштето не го гледаат како можност да се изградат духовни способности на поединецот и на подемот на општествената скала, туку како општествен механизам за одржување на системот на општествената стратификација. Генерално се смета дека во училиштето е најважен идеолошкиот апарат на државата во капитализмот. Државата ги задржува постојните социјални односи (поделба меѓу капиталистите и работниците). Преку репресивните апарати ( полицијата, судството, војската ) и идеолошките апарати ( религија, семејство, итн.) Училиштето е најважниот идеолошки државнен апарат, бидејќи во училиштето не се учат само знаења и вештини потребни за работа, туку се пренесува и идеологија.

Главната цел на идеологијата на училиштата е да ги убеди идните вработени дека нивната позиција е природна, непроменлива и оправдана. На училиште, идните работници се учат да бидат точни, послушни, дисциплинирани, на начин што нема да го загрози постоечкиот систем на производство и организацијата на општеството како целина.

Во конфликтни теории, може да се издвои како важен принцип на коресподенција (спогодба). Односите во училиштето се складни (кореспондентни) во однос на работното место. Децата во училиште се подготвуваат за своите улоги во пазарот на трудот. Авторитарната структура на училиштето е слична на бирократската структура на компанијата и во двете позитивно се вреднува: напорна работа, послушност, подложност. Постои уште една сличност: На училиште не се учи за знаење туку за оцена, а возрасните не работат затоа што ја сакаат својата работа, туку дека се мотивирани само со плата. Училишната скриена програма има за цел суптилно да ги обликува децата по барањата на владините институции.

Наставниците ги обликуваат особините кои се во склад со стандардите на средната класа (совесност, одговорност, сигурност, самоконтрола, ефикасност). Од учениците се бара да бидат точни, тивки, да го чекаат својот ред, да се прилагодат со барањата на групата.

## 3. Глобалното општество и образованието

Најширока основа на социолошкото проучување на општенствениот детерминизам ја сочинува испитувањето на меѓусебните односи помеѓу различните видови детерминизам што се јавуваат во општеството. Тоа е значајно од аспект на осветлување на улогата на општествените фактори во овој поширок детерминистички сплет (Жоглев, 2002:103)

Во општеството се појавуваат различни потреби и идентитети коишто се многубројни. Во таа насока, луѓето немаат еднакви стремежи, планови и идни ориентации. Но, сето тоа треба да се прилагоди на општествените можности и да се земат во предвид потребите на сите општествени групи и да се третираат истите еднакво. За да се појави еднаквиот третман, треба да се постави акцентот одделно на сите видови на општествени групи и слоеви со што и би се овозможило да се обезбедат потребните работи за непрекинливо одвивање на образовниот процес.

Меѓутоа, има и периоди од општествениот развој кога глобалното општество и образованието се поларизираат меѓу себе, во однос на некои значајни прашања и тогаш имаме т.н. појава на дисхармонија, односно несогласеност меѓу нив. До таква поларизација најчесто доаѓа, кога државата сака да ја ограничи автономијата на образовниот систем (Жоглев, 2002:135-136)

Образование е процес на промена на личноста во посакуваната насока со усвојување на различни содржини во зависност од возраста и потребите на поединци. Образованието вклучува и воспитни, покрај образовните содржини. Најзначајна образовна институција од образовно - воспитен карактер е училиштето. Со развиток на системот за комуникација образованието станува глобален процес каде е тешко да се усмерува само во саканиот правец на одредена социјална заедница.

Образованието всушност претставува процес со кој општеството ги пренесува акумулираните знаења, вештини и вредности од генерација на генерација. Во античките општества, образованието било достапно само на мал број луѓе. Во современото општество, луѓето треба да ги научат основните вештини како што се читање, пишување и математика и да добијат општо познавање за нивната физичка, социјална и економска средина. Во исто време, важно е да се знае како да научите, за да би биле во состојба да ги совладате новите и технички сложени облици на информација.

Образованието во САД започнува од практиката на дисциплинирањето на децата, што во 17 век одиграло голема улога во верувањето дека децата мора да ги слушаат родителите без приговор, и тоа било вклучено во правилата и на првите американски колонии. Со одредбата во 1642 год. дебели и строги се казните за родителите и старателите кои ја занемаруваат обуката и работата на своите деца. Бидејќи тоа не било делотворно, пуританските власти во 1647 год., наредиле сами да го организираат школувањето. Тоа траело повеќе од 200 години за да се воведе сеопфатна едукација за голем број луѓе во САД. Посебен проблем е разновидноста на имигрантите, кои преку едукација треба да се лингвистички обединети, и до одреден степен културно англизирани. Во училиштата се направени и американските идеали за еднакви можности за сите, што доведе до развој на образованието и масовното ширење на образованието многу порано отколку во другите земји (Еминова,2012:33-38).

Заедно со идеалот на еднаквоста и другите американски вредности и идеи продолжиле до денес помалку или повеќе експлицитно да се предаваат во училиштата. Образованието има важна функција во секое општество. Поради важноста на образованието, секоја влада сака да ја дефинира својата концепција и содржина, за секој поединец да ги прифати вредноста и нормите на системот. Поради тоа државата обезбедува финансирање на образованието. Покрај тоа, во однос на содржината, се обиде да се утврдат социјалните норми и вредности и да се изгради свест за припадност кон својата заедница, општествена група, религија. Преку едукација и исто така се развиваат чувства за сопствената култура, почитување на принципите и солидарноста.

## 4. Општествената стратификација и образованието

Образовниот процес е систем на искуства, знаења и активности на децата кои вклучуваат способност за приспособување, учење, апстрактно мислење и глобална способност за целисходно, рационално и за успешно функционирање со својата околина. (Wylie, 2000:24-25)

Тоа значи дека со образованието личноста се ориентира и учи како своите потреби да ги насочи и приспособи кон целата средина околу неа. Личноста тоа го постигнува со размислување, примена на стекнатите знаења и рационално функционирање во околината.

Стратификацијата е слоевитост на општествените појави (стратум значи слој), што значи дека постојат нехомогени, диференцирани општествени структури. Терминот структура во најопшта смисла се однесува на составот на некоја целина, а во општествените науки за означување на посебностите на составот на општеството и на општествените појави, а и за специфичните општествени односи меѓу составните елементи (Жоглев,2002:34)

Стратификацијата е природна појава, која постои во сите општества, но треба да се воспостави контрола на нејзината распространетост. Во ниту еден случај не треба да се дозволи да се создаде преголема стратификација и одредени групи да бидат полошо третирани на сметка на привилегирани групи.

Во социологијата на образованието, со многу истражувања докажана е врската меѓу успехот во образованието и социјалното потекло на поединците. Исто така, во повеќе истржувања се утврдило дека постојат многу тесни врски меѓу процесот на социјализацијата на поединците и семејните фактори. Притоа, заеднички и поврзано влијаат три семејни фактори: висината на материјалните приходи, образовното ниво на родителите и културните традиции (Жоглев, 2002:141)

Тука се согледува оправданоста на општата хипотеза која особено го нагласува социјалното потекло. Во таа насока, голема е веројатноста подобар третман да имаат деца од етнички заедници коишто зад себе имаат богата социјална средина и финансиски моќи коишто овозможуваат припуштање на сите потреби.

Под социјално потекло се разгледуваат социо - економските фактори кои подразбираат: (1) Занимање на таткото, (2) Занимање на мајката, (3) Степен на образование на таткото, (4) Степен на образование на мајката, (5) Месечни приходи во семејството на потекло, и (6) Месечни приходи во сопственото семејство (Brayman, 1993: 34-38).

Општествената стратификација резултира со одвоеност помеѓу учениците и студентите при што тие се чувствуваат поинакви, нерамноправни. Затоа, се појави потребата од елаборација на еднаквите образовни можности.

## 5. Проблеми на (не)еднаквоста во образованието

Проблемите на еднаквоста на образовните шанси се една од позначајните теми на истражување во рамките на социологијата на образованието (Георгиевски, 1994: 84-114)

Еднаквите образовни можноти се потребни бидејќи секое дете како поединец уште на самиот почеток од својот образовен процес има право да биде еднакво третиран и да има еднаков пристап до образовните ресурси. Потоа, во зависност од сопствените амбиции, потреби и идеи тоа напредува во целиот образовен процес. Оттука, за да едно општество има стандардизиран образовен процес потребно е на децата да им се дадат основните потребни работи кои би им помогнале во идниот образовен процес.

Една група автори поаѓаат од стојалиштето дека еднаквоста на образовните шанси е тесно зависна од содејството меѓу наследните (генетските) фактори и условите на општествената средина. Од заемното дејство на овие фактори, настануваат одредени социјални разлики кои се неправедни, а во најголема мерка поединците немаат никакво влијание врз тоа (Жоглев, 2002: 147).

Тоа значи дека зад нееднаквоста постои колективитет кој е одговорен за настанатите штети, што уште повеќе иницира на потребните стратегии во таа насока. Доколку идентитетот е колективен, од особено значење е и откривањето на факторите коишто ја определуваат постоечката состојба.

Доколку во некое глобално општество постојат големи економски и други нееднаквости, а истото тоа нив ги репродуцира тогаш не може да се зборува за еднаквоста на образовните шанси меѓу луѓето за завршување високо образование и достигнување на висок општествен статус, а со тоа и создавање општествен углед и моќ (Жоглев, 2002:145-147).

Оттука, согледана е потребата од стандардизација која ќе биде општо прифатена. Тоа е веќе споменато од група на автори, од кои особено се издвојува Џулија Ивец.

Според Џулија Ивец, еднаквост на шансите значи дека секој поединец мора да добие еднаков дел образовни ресурси, независно од неговите способности, а за да може тоа да се постигне потребно е да биде стандардизирано целото школување (Жоглев, 2002:150-151).

Авторката особено ги нагласува еднаквите образовни ресурси, но патот да се создадат истите е особено тежок и на него се видливи големи препреки. Сепак, потребно е време за надминување на истите и подобрување на постоечката слабост на образовниот систем.

## 6. Еднаквост на образовни можности

Односот помеѓу образованието и општествените нееднаквости сé повеќе се актуелизира. Сé повеќе автори ги изнесуваат ставовите за оваа проблематика и се обидуваат да ја унапредат еднаквоста во образовниот процес.

Секој човек има право на еднакви животни шанси и да не трпи последици поради своето социјално потекло, својот пол, својата религија или старост. Реалноста меѓутоа е поинаква.

Еднаквост беше една од големите теми на англиските либералисти во 18 век. Граѓанството бараше зајакнување на своите права во однос на привилегираните благородници. Секој требаше да има слобода самиот да одлучува колку ќе ги искористи шансите на својот животен пат. Социјалната праведност меѓутоа не беше тема која тогаш преовладуваше. Жените, на пример, мораа да се борат за својот глас во политиката во Европа и на крајот на 19 век. Во Германија, кога станува збор за еднакви шанси на работниот пазар и еднакво вреднување на трудот, жените и денес се соочуваат со пречки (Barth, 1969: 108-111)

Тука се согледува потребата од финансиска моќ, која го определува социјалниот статус на семејствата. Последователно на искажаното, децата од ромската етничка заедница како финансиско загрозена категорија се потенцијални жртви на нееднаквоста при образовните шанси. Децата кои имаат недостаток од материјален аспект, чувствуваат образовни бариери и покрај тоа што наставниците постојано се трудат да им помогнат да се вклопат во редовниот образовен процес.

Бруковер и Ериксон истакнуваат дека во САД преовладуваат две спротивставени верувања за воспитанието и образованието: прво, вкоренето верување во еднаквоста на образовните шанси во текот на школувањето и второ, во верувањето дека учениците и луѓето воопшто, мошне се различни и дека тие разлики генетски се структурирани и дека училиштата треба учениците да ги подготвуваат за различни општествени позиции токму во зависност од овие разлики (Brookver, Erickson, 1975: 105).

На проблемот на еднаковста на образовните можности не му се придава исто значење. Голем број од авторите, како и воопшто граѓаните кои директно или индиректно се повразани со образовниот систем сметаат дека овој проблем можеби постоел некогаш, но денес се е во ред. Сепак, реалната слика нѝ покажува дека сѐ уште постојат недоумици околу прифатеноста на децата од различните етнички заедници во рамките на редовниот образовен систем.

Со помала или со поголема сигурност се претпоставуваше дека образовниот систем ги воспитува и ги образува оние инидивидуи кои се способни да бидат дел од образовната елита, додека незначителен број на стипендии за класичните гимназии и студии беа наменети за поинтелигентните, но помалку имотни ученици и на целата таа постапка ѝ даваше изглед на праведност (Evells, 2000: 70).

Голем недостаток се појавува во услови кога образованието станува достапно само за оние деца чии родители се финансиски добро ситуирани и се всушност, финансиски моќни. На овој начин децата се прават робови на финансиската моќ, а истовремено немаат шанси и можности да се образуваат децата кои навистина сакаат да бидат дел од редовниот образовен систем, но поради финансиската немоќ, не можат да го реализираат тоа. Оттука, можеме да заклучиме дека потребна е интервенција во насока на помагање на овие деца бидејќи голем општествен недостаток е заостанувањето на образовниот процес поради причина на основа на недостаток на финансии.

Одредени образовни системи ги проширувааt или ги зголемуваат облиците на општествена нееднаквост. Не може во некое глобално општество истовремено да постојат големи општествени нееднаквости меѓу луѓето и еднаквост на шансите за постигнување на “високи” општествени позиции, моќ и углед. Со оглед на овој факт, разните концепции за еднаквост во општеството како и за еднаквоста на шансите во образованието можат да се потврдуваат или да се оповргнуваат со резултатите на истражувањата на видовите и степенот на разликите на општестеваната не(еднаквост) (Георгиевски,1999: 122-123).

Од наведеното може да се заклучи дека степенот на нееднаквост во смисла на образовните можности во голема мера зависи и од општеството, бидејќи општествените уредувања не се еднакви и сите се конструкција на различни културни и идеолошки гледишта. За некои, образванието е фундаментална потреба и е првиот чекор напред во поглед на понатамошното реализирање на сопствените цели кои еден човек сака да ги постигне, додека пак за други образованието е нешто што треба, но не мора да се добие. Она што е од големо значење е обезбедувањето на еднаквите образовни можности, а потоа станува збор за индивидуален избор дали еден човек постојано ќе учи или пак според своите сопствени гледишта ќе одлучи да си ги постави образовните граници.

## 6.1. Концепции за еднаквост на образовните можности

Концепциите за еднаквите шанси во образованието во текот на времето се менувале, а и меѓу авторите и претставниците постојат видни разлики. Тие разлики се резултат на различните филозофски погледи и посебно погледите од политичката филозофија, теориските сфаќања за глобалното општество, неговата класно-социјална структура и за сфаќањето на односот поединец и општество и неговите институции, како и од различните методолошки пристапи во конкретното проучување на (не)еднаквоста во образованието (Георгиевски,1999: 122-125).

Проблемот на еднаквоста на образовните можности обично се врзува и за односот меѓу наследните (генетски) фактори и општествената средина. Тоа значи дека се иницира и прашањето на биолошката определеност во однос на опстојувањето во една општествена средина. Станува збор за културно пренесување на верувањата и традициите коишто с=е особено тешко да се искоренат, а невозможно е да се остават истите и натаму да дејствуваат бидејќи иницираат општествена деструктивност.

Од ова филозофски стојалиште тргнува Раулс и ја изнесува тезата дека од природно наследните карактеристики на индивидуата не може да произлезе праведна распределба на богатството (парите). Тоа е така поради тоа што индивидуите за своето генетско наследство, како и за социјалните услови во кои се родени и се воспитувани не се учесници (Раулс, 1971: 72).

Со оглед на тоа дека редистрибуцијата на ресурсите може да ја врши државата, тоа мора да го прави по одредени принципи на правдата. Повторно, станува збор за обезбедување на основните потребни ресурси кои се неопходни за секое дете да може да биде дел од редовниот образовен систем.

Без обезбедување на овие ресурси, се појавува недостаток во поглед на конструирањето на еднакви образовни можности, без ниту еден облик на дискриминација по било која основа.

Општиот принцип на правда Раулс го одредува така што сите социјални примарни добра – слободата и шансите, платите и имотот и базата на самореспект, треба да бидат дистрибуирани еднакво, освен ако е нееднаква дистрибуцијата на некои или на сите ресурси во полза на најмалку привилегираните (Георгиевски,1999: 122-125).

Станува збор за еднаква распределба на општествените ресурси коишто се надоврзуваат со универзалните права и слободи. Но, овие теории се предмет на критика.

Нозиќ особено го критикува Раулс поради неговите принципи на правда и разлика истакнувајќи притоа дека "...самиот факт дека принципот го регулира одвивањето на процесот не го прави и принцип на процесот. Кога би било така, тогаш утилитарниот принцип исто така, би бил принцип на процесот, а не принцип на резултатот" (Nozick, 1994:150)

Колеман критиката на Раулсовата концепција на правдата и еднаквост на образовните можности ја насочува и поткрепува со резултатите на сопствените и другите истражувања. Врз основа на тие резултати Колеман констатира дека самата концепција на нееднаквоста на образовните можности во Раулсовата концепција не е соодветна.

Главното прашање според Колеман не е она кое е сугерирано со пасивната фраза и за еднаквоста на шансите, туку пред сè тоа треба да биде насочено кон тоа колку заеднички ресурси ќе влезат во образованието. Потоа, Колеман вниманието го свртува кон фактот дека Раулсовата концепција на правдата и образовните шанси бара централизирана агенција (држава) која ќе ги редистрибуира ресурсите еднакво за сите исти, а со тоа државата неизбежно се централизира и бирократизира, со тоа што се создаваат претпоставки за премин од концепција на правдата во концепција на тоталитарна држава, како и поради тоа што таа ги исклучува иницијативата и приватноста на поединците и нивните семејства (Георгиевски,1999: 126-128).

Грин се надоврзува на претходното изнесено сфаќање на Колеман во врска со финансирањето на јавното образование, нагласувајќи дека еднаквоста на образовните можности се компетативни, а не егалитарни принципи и поради тоа еднаквоста на материјалните ресурси во образованието нè води кон еднаквост на можностите во него. Со оглед дека еднаквоста на образовните можности претставува слобода на избор и употреба на понуденото, таа (еднаквоста на можностите) е неспоива со принудата и обврската.

Своето сфаќање на еднаквоста на образовните шанси тој го резимира на следниот начин: понудата на јавно основаните образовни ресурси мора да биде слободна, бидејќи тоа го бара еднаквоста на шансите, потоа таа треба да биде еднакво расположлива за сите, осигурана во раната доба и прилагодена на индивидуалните дарби на секој поединец, така што секој граѓанин може да биде во прилика од образованието да земе според своите потрени и способности (Green, 1988:23-24)

Во таа смисла, Бурдон истакнува дека дури и “ако се сите други фактори еднакви, луѓето различно ќе избираат во согласност со својата позиција во стратификацискиот систем”. Исто така, Барт нагласува дека децата од работната класа помалку се успешни на испитите и помал број се запишува на универзитетот во однос на нивните врсници на буржоазијата , што е условено од следните причини: прво, децата на работничката класа по природа се помалку интелигентни и второ, работничките семејства создаваат понеповолна атмосфера за образовен успех.

# *II ОПШТА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

## 1. Каква е состојбата на Ромите според Уставот

Особено значајно начело во однос на еднаквоста и недискриминацијата е членот број 9 од Уставот на Република Македонија[3], според кој граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Тоа значи дека како припадници на ромската етничка заедница, децата имаат еднакво право на образование како и сите останати од другите етнички заедници.

Уставот како највисок правен акт, ги гарантира универзалните права, вклучувајќи ги и образовните можности и токму затоа образовниот систем треба да се води од правните акти. Но, практичната состојба не го потврдува наведеното и иницира на контрадикторна состојба според која постојат нееднаквости во образовните можности, при што особено се истакнуваат децата од ромската етничка заедница.

[3] Устав на Република Македонија , http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=538 , Пристапено на 13.03.2013

Вината веројатно треба да се побара кај родителите на децата од ромската етничка заедница коишто не ги испраќаат своите деца на училиште, туку на улици каде што просат дури и на возраст на која децата не се свесни за потребата од образование. Од друга страна, ако во предвид ја земеме загрозената финансиска моќ и неможноста за финансирање на децата, вината треба да ја бараме кај државата и покрај воведувањето на задолжително основно образование.

Во Преамбулата од Уставот на Република Македонија, застапена е ромската етничка заедница, како рамноправна со заедниците на Албанците, Турците, Власите, Србите и Бошњаците (Устав на Република Македонија,2011).

Покрај ова, Уставот содржи одредба за правична застапеност на сите заедници во јавната администрација, а правото на образование е претставено како универзално право. Законодавството за основното и средното образование забранува дискриминација и гарантира настава на јазикот на малцинствата.

Со Законот од 2008 година за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија[4], основното, средното и високото образование се области во кои се применуваат правата на заедницата и се гарантира правото на образование на јазиците на заедниците на сите нивоа во согласност со законот (Ајановска,2010:22).

[4]Со прогласувањето на Амандманите на Уставот на Република Македонија од IV до VIII се создадоа уставно-правни услови и се унапредија правата на припадниците на заедниците во Република Македонија.

Овој закон е од големо значење затоа што се постигнува идентификација на образованието при што образовниот систем е претставен како област на национално ниво во која јазикот на заедниците може да се користи и се даваат детали за употреба на јазиците на сите нивоа на образование. Ова е од големо значење за еднаквите образовни можности, ако земеме во предвид дека токму јазикот на етничките заедници е често претставен како проблем со кој многу често се соочуваат голем број на ученици во рамките на редовниот образовен систем.

## 2. Законот за основно образование и опис на образовниот систем во Република Македонија

Со законот за образование се уредува задолжителното основно образование што се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем. Според законот, секое дете има право на основно образование. Се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование.

Целите на основното воспитание и образование се многубројни и главно се следните:

1. стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование
2. хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности

3. развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо

4. развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик

5. развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки

6. воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права

7. развивање свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет

8. воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции

9. усвојување општи и применливи знаења кои овозможуваат самостојно креативно дејствување во општествената и природната околина и развивање способности за расудување и за изразување во уметноста и културните традиции

10. развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми

11. вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби

12. развивање на надареноста на учениците во различни области и

13. унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина (Закон за основното образование, Сл.весник на РМ, бр.103/08)

При анализата на законот, акцентот особено се поставува на основното образование коешто е задолжително и бесплатно и трае девет години. Со законот за образование е дадена можност да се реализира наставата на мајчиниот јазик на националностите, па така во Република Македонија наставата се реализира на четири јазици: македонски, албански, турски и српски јазик. Настава на ромски јазик нема. Со наставниот план од 1996 година се даде можност за факултативна настава за извршување на влашки, ромски или друг јазик на националностите, а потоа ромскиот јазик влегол во групата на изборни предмети за учениците од трето до деветто одделение.

Во многу малку училишта се реализира овој предмет. Родителите не го избираат овој предмет заради тоа што лошо им е претставен на родителите од страна на наставниците и заради тоа што лошо е замислен. Нема учебници, пропратен материјал, соодветна програма. Поставеноста на предметот е лоша со тоа што е изборен предмет кој ако го изберете ќе стане задолжителен до крајот на основното образование и ќе се оценува. Токму заради ова родителите не го избираат. Овој предмет треба да е во форма на задолжителен предмет и веднаш да се започне со изготвување на програмата и учебниците.

Дејноста и надлежностите на средното образование произлегуваат од Законот за средното образование. Средното образование е задолжително за секој граѓанин и е бесплатно во јавните средни училишта и притоа се остваруваат планови и програми за гимназиско и стручно образование. Дејноста е од јавен интерес и се врши како јавна служба, воспитно-образовната дејност во средното училиште се изведува на македонски јазик и кирилско писмо, а за припадниците на националностите се изведува на јазикот и писмото на националностите на начин и под услови утврдени со закон. Во приватните училишта наставата може да се изведува и на странски јазик. Државно училиште основа Владата на РМ, приватно може да основа домашно и странско правно лице, а општинско односно училиште на град Скопје може да основа единица на градската управа само за средно стручно образование. Средното училиште може да отпочне со работа откога Министерството ќе донесе решение за верификација. Со плановите и програмите за воспитно-образовната дејност се утврдуваат целите и задачите, содржината, видот и траењето на образованието во јавните и приватните училишта, како и профилот на кадарот кој ја реализира програмата. Плановите и програмите за јавните училишта ги изготвува Бирото за развој на образованието, а ги донесува министерот и истите можат да ги предложат и училиштата, претпријатијата, установите и други правни лица за задоволување на нивните посебни потреби (преквалификации, доквалификации и сл.). Работата на средните училишта во текот на учебната година се утврдува со годишна програма и ја донесува училишниот одбор на предлог на наставничкиот совет.

Средното образование се остварува преку планови и програми за:

- гимназиско образование;

- стручно образование;

- средно уметничко образование;

- средно образование за ученици со посебни образовни потреби (Закон за основното образование, Сл.весник на РМ, бр.103/08).

Во гимназиското образование може да се реализира и програма за меѓународна матура за што согласност дава министерот, а програмата е со иста важност како и гимназиското образование. Следењето на законот е од исклучително значење со цел децата како дел од редовниот образовен систем да добијат еднакви образовни можности.

Во однос на високото образование, универзитетите во Република Македонија обезбедуваат развој на високото образование, науката, уметноста и стручноста и непосредно и преку факултетите, односно високите стручни школи:

1. учествуваат во утврдувањето на Програмата за високообразовна дејност во Република Македонија
2. ги планираат и утврдуваат развојот и потребите на високообразовната дејност и ги усогласуваат развојните потреби на високообразовните установи во рамките на образовниот систем во целина
3. утврдуваат единствени основи за вршење на високо образовната дејност, за запишување и за студирање на одделни видови и степени на високо образование, за издавање на дипломи за завршени студии и степени на образование, за издавачката дејност на високообразовните и другите установи, за избор во наставно-научни, наставни, научни и соработнички звања и за обврските од работен однос на наставниците, соработниците и другите вработени во изведувањето на високообразовната, научната, уметничката и применувачката дејност
4. се грижат за обезбедување на финансиски, материјални и други средства неопходни за вршење на дејностите на високообразовните установи

5. одлучуваат за начинот на вршењето на фундаментални и развојни научни истражувања што имаат интердисциплинарен и мултидисциплинарен карактер од значење за сите високообразовни установи
6. издаваат дипломи;
7. организираат, формираат и одржуваат современ информациски универзитетски систем
8. ги утврдуваат основите на единствениот библиотечно-информациски систем и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност за потребите на високообразовните установи
9. остваруваат меѓусебна соработка, како и соработка со универзитетите во странство и ги утврдуваат основите на меѓународната соработка
10. разменуваат научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица
11. организираат додипломски, интердисциплинарни и мултудисциплинарни студии и семинари (Закон за основното образование, Сл.весник на РМ, бр.103/08).

Приватните високообразовни установи основани во приватен универзитет високообразовната дејност ја вршат под условите утврдени со актот за основање и статутот на универзитетот. Приватните високообразовни установи основани надвор од составот на универзитет високообразовната дејност ја вршат под условите утврдени со актот за основање и својот статут.

Образовниот систем на Република Македонија е под контрола на Секторот за развој на воспитно-образовниот систем. Главната активност (работна задача) на Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди е изготвување концепти за развој на образовниот систем, наставни планови и програми за предучилишното, основното, средното и специјалистичкото образование, како и за образованието на учениците со посебни потреби и образованието на возрасните. Исто така, Секторот организира и спроведува активности за професионалниот развој на наставниот и раководниот кадар во училиштата. За успешно имплементирање на новите наставни програми и другите измени во наставните планови, како и во начинот на планирање и изведување на наставата, Секторот овозможува континуирана поддршка на наставниците во основните и средните училишта преку одржување семинари, стручни средби со активите на наставниците, советувања и посети на училиштата.

Согласно измените и дополнувањата на законите за основно и за средно образование и воведувањето екстерно проверување на постигањата на учениците, дел од активностите на Секторот се насочени кон изработување на предлог-прашања и тестови на знаења за проверување на постигањата на учениците во основното и во средното образование. Секторот, исто така има и други активности кои придонесуваат за развој на образовниот систем и тоа:

1. учество во истражувачки и акциони проекти чија реализација е во тек (УСАИД, програмата за животни вештини, за рано учење на германскиот јазик и др.)

2. учество во проект кој ќе се реализира во соработка со Канцеларијата на Британски совет-Скопје ( обука на наставници почетници за предметот англиски јазик)

3. помош и поддршка на работата на советниците од другите сектори на Бирото

4. учество во комисии и работни тела во рамките на Бирото или како претставници на Бирото во други институции
5. поединечни работни посети или учество на семинари во други држави
6. водење интервјуа со кандидатите за директор на училиштата
7. кореспонденција со училиштата, градинките и другите институции
8. соработка со единиците на локалната самоуправа во делот на образованието (Закон за основното образование, Сл.весник на РМ, бр.103/08).

Со наведените активности Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми активно учествува во унапредување на воспитно-образовниот систем на Република Македонија. Сите тие се поврзани меѓусебно и помагаат при конструирањето на еден образовен систем во кој децата имаат можности да напредуваат и да ги исполнуваат своите образовни цели.

## 3. Меѓународни Договори и Конвенции кои Република Македонија ги ратификувала, а се однесуваат на човекови права

Во поголем број на меѓународни документи и конвенции, на кои Република Македонија е потписничка, образованието зазема значително место, како концепт кој овозможува вклучување на граѓаните во сите општествени текови, а исто така, и како концепт за придонес во целокупниот развој на човечката личност и човештвото. Најзначајната конвенција која Република Македонија ја ратификувала е Европската конвенција за правата на човекот.

Член 14 од Европската конвенција за правата на човекот гласи: ,, Се обезбедува уживање на правата и слободите утврдени со оваа Конвенција без дискриминација по која било основа како што се полот, расата, бојата, јазикот, религијата, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, имот, раѓање или друг статус.” (Тасковска, 2012: 92-93)

Значајно за оваа конвенција е тоа што се загарантирани правата, а со тоа и правото на образование. Потоа, забранета е дискриминацијата со што се гарантиран еднаквост и ист третман без разлика на основите.

Потоа, значајна е и Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства. Според конвенцијата, заштитата на националните малцинства и на правата и слободите на припадниците на тие малцинства е интегрален дел на меѓународната заштита на човековите права и, како таква, претставува област на меѓународната соработка. Конвенцијата пропишува дека секој припадник на национално малцинство има право слободно да избере да биде или да не биде третиран како таков, а никаква штета не смее да произлезе од таквиот избор или од вршењето на правата поврзани со тој избор. Припадниците на националните малцинства можат поединечно и заедно со други да ги вршат правата и слободите што произлегуваат од принципите наведени во оваа Рамковна конвенција.

Земјите потписнички се решени да го заштитуваат постоењето на националните малцинства на нивните територии бидејќи оцениле дека потресите во европската историја покажаа дека заштитата на националните малцинства е од суштинско значење за стабилноста, демократската сигурност и мирот на континентот и дека едно плуралистичко и вистински демократско општество мора не само да го почитува етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секој припадник на национално малцинство, туку и да создава услови за изразување, соочување и развој на тој идендитет, како и дека создавањето на атмосфера на толеранција и дијалог е неопходно со цел културната разновидност да биде извор и фактор не на поделба, туку на

збогатување за секое општество. Исто така, за нив воочливо е дека развојот на толерантна и просперитетна Европа не зависи само од соработката меѓу државите, туку бара и прекугранична соработка меѓу локалните и регионалните власти при почитување на Уставот и територијалниот интегритет на секоја држава.

Државите-членки му го признаваат правото на детето на образование и поради постепеното остварување на ова право врз основа на еднакви можности, земјите потписнички го прогласуваат основното образование за задолжително и бесплатно за сите, го поттикнуваат развојот на различните облици на средно образование, вклучувајќи го општото и стручното образование кое им е достапно на сите деца, и преземаат соодветни мерки, како што се воведувањето на бесплатно образование и давање финансиска помош во случај на потреба, на сите им овозможуваат добивање на високо образование врз основа на способност користејќи погодни средства. Потоа, државите потписнички, на сите деца на располагање им ги ставаат информациите и услугите за професионална ориентација и преземаат мерки за поттикнување на редовно посетување на училиштата и за намалено испишување од училиштата (Конвенција за заштита на правата на детето, чл.28).

Почитувањето и практикувањето на нормите пропишани во овие документи е од големо значење затоа што на овој начин децата не само теоретски туку и практично добиваат можност да бидат дел од редовниот образовен систем, а истовремено и да уживаат еднакви образовни можности.

## 4. Поликтики на државата кои се однесуваат на Ромите

Државните политики кои се однесуваат на Ромите се сведуваат на Стратегијата за Ромите во Република Македонија и на Инклузијата на Ромите во раното детство.

Фактите говорат дека сиромаштијата на Ромите е многу повисока отколку на било која друга група и таа се темели на бројни акумулирани фактори кои задираат во историјата, традицијата и нивната перманентна социјална ексклузија. Реперкусиите од ваквата состојба се манифестираат негативно врз нивото на образование, пристапот кон јавните услуги, вработувањето, домувањето, здравството и сл. Затоа, потребно е промовирање на инклузивна политика која ќе овозможи излез од постојаниот круг на зависност и дискриминација кои детерминираат долгорочно перпетуирање на сиромаштијата. Иако досега Република Македонија се обидувала да изгради стандарди за заштита на етничките заедници кои живеат во неа, сепак кога се во прашање конкретно Ромите, евидентно е отсуството на конзистентна државна политика како и координација на напорите и ресурсите (Министерство за труд и социјална политика, 2005:5-6).

Стратегијата за Ромите во Република Македонија претставува документ со облик на афирмативна акција која се применува без разлика на моменталната регулатива и права кои реферираат на заштитата на малцинските права.

Главните цели на Националната стратегија за Ромите во Република Македонија се следните:

1. остварување на севкупната интеграција и партиципација на Ромите во главните текови на македонското општество
2. овозможување на еднаков пристап кон постојните општествени можности

3. намалување на сиромаштијата и социјалната ексклузија кај Ромите како најмаргинализирана група во Републиката
4. остварување долгорочен развиток на ромската заедница од секој аспект
5. подигнување во возможни рамки на просечниот квалитет на живот во Републиката преку напорите на државата за подобрување на животните услови на Ромите
6. намалување на разликите во образовното ниво меѓу Ромите и неромското население
7. обезбедување на целосна ангажираност на македонската држава во подготовката и имплементацијата на приоритетите определени во стратегијата
8. постигнување на поголемо владеење на правото, како и вклучувањето во државниот-легален систем и услуги на оние Роми кои сè уште ги немаат регулирано тие прашања
9. справување со појавата на предрасуди и дискриминација кон Ромите
10. стимулирање на сите претставници на ромската заедница за поинтензивна и директна ангажираност во сите фази на реализација на стратегијата
11. создавање на нормативни и институционални претпоставки за реализација на стандардите на Европската Унија, во склад со постојната усвоена регулатива (Националната стратегија за Ромите во Република Македонија,2005:чл.1).

Сознанијата за состојбата на Ромите во земјите во регионот, укажуваат на потребата од системско решавање на прашањата на Ромите.

Токму поради тоа за земјите во регионот во кој состојбата на Ромската заедница е на незначително ниво, се наметна и потребата за изработка на посебни национални стратегии за Роми, кои треба да излезат во пресрет на специфичните потреби.

Во однос на Ромите, Република Македонија има направено значителен позитивен исчекор во однос на другите држави, но и покрај тоа таа не е исклучок. Решавањето на прашањето на Ромите треба да се има предвид од аспект на координирана политика која ќе понуди решение за специфичните потреби. Следејќи го патот за влез во Европската унија, Република Македонија се придружи кон државите кои треба да имплементираат национална, долгорочна и сеопфатна стратегија за интеграција на Ромите во општествените текови како етничка заедница која спаѓа во ранливите групи.

Владата на Република Македонија донесувајќи ја Националната стратегија за Ромите, изрази волја, во контекст на нејзините напори за надминување на сиромаштијата, да работи и на надминување на сиромаштијата и кај ромското население. Фактите говорат дека сиромаштијата на Ромите е многу повисока во однос на другите етнички заедници и се темели на бројно акумулирани фактори кои произлегуваат од историјата, традицијата и нивната перманентна социјална инклузија. Кон тоа особен придонес има недоволната образованост на ромското население.

Процесот на донесување на Националната стратегија за Ромите во Македонија временски се совпаѓа со Декадата на вклучување на Ромите (2005-2015) и креирањето на нејзините приоритети. Бидејќи двата процеса се регионални и имаат сличен пристап, тие се одвиваат паралелно и испреплетено, што имплицира совпаѓање во дел од приоритетите. Ова посебно важи за глобалните цели на Декадата, како што се: искоренување на сиромаштијата, елиминација на дискриминацијата и намалување на социјалното исклучување на малцинствата.

Основните критериуми за развојност се набљудуваат преку Милениумските развојни цели и Програмата за социјално вклучување на Европската Унија. Како приоритетни проблеми за Ромите, Декадата ги утврди областите: домување, образование, здравство и вработување. Очекувано е приоритетите на Декадата да го добијат централното место меѓу целите и задачите вградени во Националната стратегија за Ромите во Република Македонија.

Еден од поголемите проблеми кој значително има влијание на интеграцијата на Ромите во општествените текови е ниското ниво на образование, кое се провлекува како проблем векови station наназад, при што во континуитет претставува фактор за лошата социјално - економска положба на Ромите во Општеството. Во Република Македонија иако во последните неколку години образованието има значителен напредок, за поефикасна интеграција на Ромите е потребно уште многу да се работи во оваа поле, посебно истакнувајќи ја потребата од:

- Активно вклучување на Ромите во процесот на донесување на одлуки во воспитно образовниот процес.

Бидејќи проблемите на Ромите најакутно се манифестираат во контекст на локалните прилики и услови на живеење, разбирливо е дека успешноста на стратегијата е првенствено условена од нејзината практична реализација на локално ниво. Зацртаните стратешки задачи се очекува да добијат една полна поддршка при реализацијата посебно од оние локални единици во Република Македонија во кои постојат побројни ромски населби.

## 4.1. Нормативна рамка

При објаснувањето на нормативната рамка, од особено значење е да се напомене дека правото на образование е содржано во бројни меѓународни документи кои наметнуваат државите потписнички да превземат итни активности со цел да се подобрат условите на лицата кои не си ги остваруваат правата, вклучувајќи ги и Ромите. Всушност, со потпишувањето на меѓународните конвенции и документи Република Македонија се согласува да ги признае и почитува правата и слободите на сите.

Акцентот е особено поставен на почитувањето на фундаменталните права како образование, здравство, вработување. Меѓутоа, кога станува збор за имплементација на нормативната рамка се доаѓа до една збунувачка ситуација при што, настанува конфузија. Тоа значи дека во документите, анализирано од нормативен аспект премногу се говори за правата, нивното постоење, меѓутоа занемарен е степенот на имплементација во практиката на истите.

## 4.2. Актуелна состојба

Во однос на актуелната состојба, проблемите се идентификуваат во тоа што:

1. се живее во дивоградби каде нема основни услови за живот (покрив, вода, струја)
2. има појава на дискриминација во користењето на правото на домување од различен види
3. условите на супстандардното живеење се потенцијален здравствен ризик
4. не постои посредништво на имотни листови

5. често се доаѓа до конфликтна ситуација (Ајановска,2010:23-26).

Изнесените проблеми покажуваат дека и покрај постоењето на нормативната рамка, актуелната состојба не се идентификува со неа, со што се иницира на идна стратешка работа.

## *III ВИДЛИВОСТА НА РОМСКИТЕ ДЕЦА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

### 1. Проблемот на застапеноста на учениците Роми во редовниот образовен процес

Високата стапка на ученици кои го напуштаат процесот на редовно образование претставува сериозен проблем во Република Македонија. Тој е во фокусот на вниманието на сите релевантни актери во процесите на планирање, развој, имплементација и поддршка на образовните политики. И покрај тоа што овој феномен е присутен кај сите етнички групи во нашето општество, стапката на напуштање на училиштата е највисока во рамките на ромската етничка заедница. Поврзувањето на овој проблем со одредена етничка група укажува на постоење на социјална исклученост базирана на социјална, религиозна, културна, јазична и родова заедница (Институт отворено општество, 2010: 10).

Видлива е малата стапка на посетеност на образовните институции од страната на децата од ромската етничка заедница. Како најзначајни фактори за таа состојба се истакнуваат: семејството, лошата социоекономска состојба, традицијата и системот на вредности.

Може да се забележи дека експертите, причините за проблемот го идентификуваат главно во рамките на ромската култура и заедницата.

Од нивните ставови може да се забележи дека тие не ги земаат предвид структурните фактори како што се: долговековната дискриминација на Ромите, нивната економска, социјална, политичка и културна исклученост во општеството, како и долготрајната пасивност на државата во однос на преземање мерки за надминување на ваквата ситуација (Доневска, 2010:22-23).

Состојбата со образовната исклученост на децата од ромската етничка заедница може да се дефинира како многу сериозна. Голем број деца воопшто не се вклучени во образовниот систем на Скопје, или пак го започнуваат формалното образование и не го довршуваат истото. Како особено значаен фактор се појавува финансиската немоќ и токму поради овој фактор многу често се појавуваат нееднаквостите од аспект на образовните можности помеѓу децата во редовниот образовен систем. Затоа, се појавува иницијатива за обезбедување на пристап на еднакви можности за образование на децата од ромската етничка заедница.

## 2. Хиерархиско управување со ромското население

Водејќи се од поставените хипотези, децата од ромската етничка заедница се соочуваат со проблемот на недоволната застапеност во образовниот систем при целата образовна хиерархија. Всушност, проблемот на невидливоста на децата од ромската етничка заедница се анализира започнувајќи од предучилишните институции, па сè до високо образовните институции, бидејќи факторите коишто се претставуваат како примарни, во голем број од истражувањата коишто ја третираат истата или слична проблематика, факторите се идентични.

Така, како најчести фактори се појавуваат местото на живеење, семејството од каде се потекнува или со кое се живее, јазикот, односот на наставниците кон децата и слично.

## 2.1. Предучилишни знаења

Невролошките истражувања во текот на изминатата деценија потврдуваат дека критичниот развој на мозокот и биолошкиот развој се случуваат во првите години од животот на детето. Периодот од 0 до 3 години (вклучувајќи ја и бременоста) е оптимален – навистина критичен момент за поддршка на здравјето на доенчето, сетилниот, социјалниот развој и развојот на јазикот (Институт отворено општество,2011: 23-24)

Најчесто овие години се години на грижа на родителите коишто треба да се грижат за обезбедување на услови за правилен развој на детето. Но, по нивното изминување родителите често ги даваат своите деца во градинките каде тие треба да се стекнат со предучилишните знаења. Во таа смисла, за разлика од другите деца, статистиките говорат дека децата од ромската етничка заедница овие години ги поминуваат просејќи, на улиците и не се во градинките каде што се стекнува примарната општествена социјализација.

**Табела бр.1 Број на запишани деца во предучилишните установи 2009-2010**

| | **Број** | **Процент од вкупниот број (0-6)** |
|---|---|---|
| Под 1 година | 474 | 2,1 |
| 1 година | 1,439 | 6,5 |
| 2 години | 2,746 | 12,4 |
| Вкупно 0-2 | 4,659 | 21,0 |
| 3 години | 4,937 | 22,2 |
| 4 години | 5,312 | 23,9 |
| 5 години | 6,350 | 28,6 |
| 6 години | 927 | 4,2 |
| Над 6 години | 28 | 0,1 |
| Вкупно 3-7 | 17,554 | 79,0 |
| Вкупно 0-7 | 22,213 | 100,0 |

**Извор: Министерство за труд и социјална политика, Анализа за состојбата и намалувањето на ромските девојчиња и момчиња во образовниот процес во Република Македонија, 2010**

Главната причина за нискиот степен на инклузија на децата Роми во јавните детски градинки е нискиот социјален и економски статус на Ромите. Нереално е да се очекува од семејството кое живее на или под границата на сиромаштијата од 94 евра месечни примања, да ги покрие месечните надоместоци од околу 25 евра за секое дете кое е запишано во јавните детски градинки. Со оглед на сиромаштијата, речиси е невозможно да се даде соодветно внимание за развојот на детето од страна на семејството, кое се бори да обезбеди основни средства за живеење.

Поради ова, дури и кога конкретен проект им овозможува на децата Роми да посетуваат детска градинка со сите платени трошоци, не постои гаранција дека децата редовно ќе продолжат да ја посетуваат истата.

## 2.2. Основни запознавања и социјализација

Основното образование е задолжително во земјата. И додека соодветното законодавство предвидува казни за родителите чии деца не посетуваат училиште, а спроведувањето на овие казни е прилично слабо, најчесто поради фактот што семејствата кои живеат во сиромаштија не се во можност да платат парична казна од 400 до 700 евра.

Во прилог на поделбата на основното образование на три, три-годишни циклуси, Законот за основно образование нуди можности и за образование во неучилишни средини како што се здравствените, социјалните и казнено-поправните установи, преку обезбедување на образование во таквите институции со цел да го подобри пристапот и спречи социјалното исключување на деца со посебни потреби во учењето, хронично болните или со проблеми во однесувањето.

**Табела бр. 2. Запишани деца од ромската етничка заедница во основното образование за период од 2005-2010 година**

| Учебна година | Момчиња | Девојчиња | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2005/2006** | 4,469 | 3,940 | 8,409 |
| **2006/2007** | 4,441 | 3,940 | 8,381 |
| **2007/2008** | 5,268 | 4,882 | 10,150 |
| **2008/2009** | 5,421 | 5,130 | 10,571 |
| **2009/2010** | 5,528 | 5,225 | 10,753 |

**Извор: Извор: Министерство за труд и социјална политика, Анализа за состојбата и намалувањето на ромските девојчиња и момчиња во образовниот процес во Република Македонија, 2010**

Од статистичките податоци на табелата бр.2 може да се воочи дека стапката на запишаност на децата од ромската етничка заедница е ниска, а во однос на родовата анализа, машките деца се во поголем број запишани од женските деца.

**Табела бр.3 Запишани деца од ромската етничка заедница во прво Извор: Министерство за образование и наука**

| Учебна година | Момчиња | Девојчиња | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2005/2006** | 685 | 671 | 1,356 |
| **2006/2007** | 715 | 654 | 1,369 |
| **2007/2008** | 782 | 699 | 1,481 |
| **2008/2009** | 839 | 833 | 1,672 |
| **2009/2010** | 754 | 729 | 1,483 |

**Извор: Министерство за труд и социјална политика, Анализа за состојбата и намалувањето на ромските девојчиња и момчиња во образовниот процес во Република Македонија, 2010**

Од статистичките податоци на табелата бр.3 може да се воочи дека не постои стабилност на процентите на запишаност, и повторно машката популација е позастапена од женската.

**Табела бр. 4 Наставници Роми во основните училишта 2010-2011**

| | Вкупно Total | Македонци Macedonians | Албанци Albanians | Роми Roma | Власи Vlachs | Срби Serbs | Бошњаци Boshniaks | Други Others |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 16 946 | 10 896 | 5 112 | 29 | 53 | 164 | 56 | 133 |
| **Жени** | 11 092 | 8 200 | 2 409 | 27 | 50 | 148 | 36 | 128 |
| **Македонски јазик** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | 11 062 | 10 492 | 113 | 67 | 50 | 148 | 36 | 128 |
| **Жени** | 8 244 | 7 924 | 71 | 15 | 39 | 108 | 18 | 39 |
| **Албански јазик** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | 5 242 | 222 | 4 981 | 21 | 2 | 2 | 8 | 4 |
| **Жени** | 2 504 | 154 | 2 327 | 11 | 1 | 1 | 5 | 4 |
| **Турски јазик** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | 545 | 111 | 18 | 414 | 1 | - | - | 1 |
| **Жени** | 269 | 67 | 11 | 189 | 1 | - | - | 1 |
| **Српски јазик** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | 97 | 71 | - | - | - | 14 | - | - |
| **Жени** | 75 | 55 | - | - | - | 12 | - | - |

**Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија**

Од статистичките податоци на табелата бр. 4 може да се воочи дека наставниците од ромската етничка заедница се застапени со најнизок процент при редовните основни училишта.

**Табела бр.5 Запишани деца од ромската етничка заедница во основното образование за период од 2010 - 2011 година**

| | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други | Не се изјасниле |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 201 914 | 109 765 | 66 156 | 9 011 | 9 933 | 316 | 1 733 | 1 994 | 2 980 | 22 |
| Ученички | 98 007 | 53 007 | 31 621 | 4 329 | 4 835 | 132 | 798 | 946 | 1 473 | 4 |
| Македонски | | | | | | | | | | |
| Се | 130 200 | 109 715 | 1 406 | 2 997 | 9 593 | 316 | 1588 | 1627 | 2932 | 22 |
| Ученички | 63 709 | 53 843 | 731 | 1 363 | 4 684 | 132 | - | - | 5 | 47 |
| Албански | | | | | | | | | | |
| Се | 65 121 | - | 64 724 | 23 | 322 | - | - | 5 | 47 | - |
| Ученички | 31 066 | - | 30 878 | 10 | 151 | - | - | 3 | 24 | - |
| Турски | | | | | | | | | | |
| Се | 6 043 | - | 26 | 5 991 | 18 | - | - | 7 | 1 | - |
| Ученички | 2 969 | - | 12 | 2 965 | - | - | - | 1 | 1 | - |
| Српски | | | | | | | | | | |
| Се | 550 | 50 | - | - | - | - | 145 | 355 | - | - |
| Ученички | 263 | 26 | - | - | - | - | 70 | 167 | - | - |

**Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија**

Од статистичките податоци на табела бр. 5 може да се воочи дека значително е намален процентот на децата од ромската етничка заедница во рамките на основните училишта.

## 2.3. Средното образование како можност за трансформација на ромската општествена положба

Од учебната 2008-2009 година, средното образование стана задолжително образование. Тоа ја зголеми можноста за продолжување на образованието на децата од ромската етничка заедница. Истото е од особено значење бидејќи средното образование значајно влијае на процесот на трансофрмација на карактерот на личноста.

**Табела бр. 6 Преглед на запишани ученици од ромската етничка заедница во средно образование од учебната 2005 до 2010 година**

| *Реден број* | *Учебна година* | *Машки* | *Женски* | *Вкупен број на запишани ученици/Роми* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 2005/06 | 654 | 586 | 1240 |
| 2. | 2006/07 | 678 | 526 | 1204 |
| 3. | 2007/08 | 831 | 641 | 1472 |
| 4. | 2008/09 | | | |
| 5. | 2009/10 | 1054 | 900 | 1954 |
| 6. | 2010/11 | 918 | 780 | 1698 |
| 7. | 2011/12 | 974 | 749 | 1723 |
| ***Процент на зголемување на опфатот на ученици Роми запишани во средно образование за периодот 2005-2012 година = 57.5%*** | | | | |

**Извор: Приспособено според Заводот за статистика**

Од статистичките податоци на табелата можеме да воочиме дека станува збор за пораст на запишани ученици од ромската етничка заедница од година кон друга година. Меѓутоа, загрижувачки е податокот дека женските девојчиња во споредба со машките ученици се застапени со навистина помал број.

**Табела бр. 7 Преглед на број на училишта и деца кои го одбираат изборниот предмет – Јазик и култура на Ромите во учебната 2011-12 год.**

| *Реден број* | *Општина* | *Училиште* | *Вкупно ученици Роми* | *Вкупен број на ученици Роми кои го слушаат изборниот предмет* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Шуто Оризари | Браќа Рамиз Хамид | 2076 | 1540 |
| | | 26-ти Јули | 556 | 403 |
| 2. | Чаир | Јане Сандански | 70 | 62 |
| | | Васил Главинов | 570 | 154 |
| 3. | Тетово | А.С. Кикиш | 36 | 11 |
| | | Гоце Делчев | 114 | 61 |
| | | Братство, Мигени | 0 | 6 |
| 4. | Штип | Димитар Влахов | 91 | 51 |
| | | Ванчо Прке | 72 | 39 |
| | | ГоцеДелчев | 253 | 101 |
| 5. | Кичево | Санде Штериоски | 357 | 75 |

**Извор: Приспособено според Заводот за статистика**

Од приложените статистички податоци на табелата 7 може да се воочи дека во најголемиот дел од средните школи изборниот јазик е воведен, но сепак предметот не е често избиран. Најголемата стапка на избраност на предметот е во оштина Шуто Оризари, каде има вкупно 1540 ученици при основното училиште Браќа Рамиз Хамид го одбрале предметот.

**Табела бр. 8 Деца од ромска етничка заедница кои се запишале при редовните средни училишта за период 2010-2011**

| | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други | Не се изјасниле |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 92 848 | 56 863 | 27 955 | 3 071 | 1 636 | 271 | 807 | 826 | 1 355 | 33 |
| **Ученички** | 44 773 | 28 015 | 13 029 | 1 454 | 766 | 120 | 442 | 374 | 546 | 12 |
| **Од тоа во приватни училишта** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | 1 649 | 699 | 558 | 201 | 4 | 2 | 9 | 20 | 156 | - |
| **Ученички** | 700 | 309 | 210 | 95 | 2 | 1 | 4 | 8 | 71 | - |

**Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија**

Според податоците приложени во табела 8 повторно се воочува дека и во средното училиште процентот на деца од ромската етничка заедница е исклучително низок.

**Табела бр. 9 Деца од ромска етничка заедница кои завршиле при редовните средни училишта за период 2010-2011**

| | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други | Не се изјасниле |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 22 143 | 14 491 | 5 968 | 640 | 300 | 79 | 200 | 190 | 262 | 2 |
| **Ученички** | 10 669 | 7 239 | 2 657 | 271 | 154 | 36 | 98 | 92 | 112 | 2 |
| **Со 3-годишно образование** | 1 513 | 988 | 320 | 38 | 89 | 1 | 18 | 21 | 38 | - |
| **Со 4-годишно образование** | 20 630 | 13 503 | 5 648 | 602 | 211 | 78 | 182 | 169 | 224 | 2 |

**Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија**

Според податоците приложени во табела 9 повторно се воочува дека и во средното училиште процентот на деца коишто го завршиле средното училиште од ромската етничка заедница е исклучително низок и незадоволителен.

## 2.4. Ромите во високообразовните институции

Бидејќи високото образование не е задолжително и на високообразовните институции се запишуваат студенти со определени финансиски моќи, голема е веројатноста да се појави ниска стапка на присутност на децата од ромската етничка заедница.

**Табела бр. 10 Деца од ромската етничка заедница запишани на високообразовните институции**

| *Академска година* | *Вкупен број на деца Роми на високообрзовните институции (опфатени се сите студиски години)* |
|---|---|
| 2001-2002 | 126 |
| 2002-2003 | 136 |
| 2003-2004 | 93 |
| 2004-2005 | 103 |
| 2005-2006 | 140 |
| 2006-2007 | 186 |
| 2007-2008 | 184 |

**Извор: Приспособено според Извештај на Институтот Отворено Општество**

Од приложените статистички податоци на табелата 10 може да се забележи дека постои нестабилност на растот и намалување на стапката, но сепак главната критика може да се упати кон релативно нискиот процент на запишаност во високообразовните институции.

**Табела бр. 11 Компаративна анализа на дипломирани студенти Роми и Македонија за студентската година 2006-2007**

| Живородени | | | | Број на деца кои завршиле основно образование во учебната 2006/2007 година | | Проценета стапка на студенти кои завршиле основно образование во споредба со живородените деца во 1992 | | Проценета стапка на студенти кои завршиле основно образование во споредба со живородените деца во 1993 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1992 | | 1993 | | | | | | | |
| Македонци | Роми | Македонци | Роми | Македонци | Роми | Македонци | Роми | Македонци | Роми |
| 17,388 | 1,117 | 16,666 | 1,211 | 15,672 | 707 | 90,1 % | 63,3% | 94,0% | 58,4 % |

**Извор: Завод за статистика**

Од прикажаните статистички податоци на табелата бр.11, може да се воочи голема разлика помеѓу процентот на дипломирани студенти од ромската етничка заедница и децата од не ромската етничка заедница, во конкретниов случај, македонски студенти.

## 3. Општи податоци за Ромите во Република Македонија

Етничка група или етнос е различна група на луѓе, кои се идентификуваат едни со други врз основа на вистинско или наводно заедничко наследство - биолошко потекло, историја, раса, родствени врски, религија, јазик, култура, територија, националност или изглед (Институт Отворено Општество, 2011:18-19).

Утврдувањето на големината на ромската националност во Република Македонија овозможува поинаква позиција при остварувањето на правото за правична застапеност на Ромите и децата од ромската етничка заедница во институциите на државата, ставајќи го акцентот на образовните институции, што е предуслов и за создавање на критична интелектуална маса за имплементација на повеќе процеси во различни сфери од живеењето.

Официјалните податоци од 2010 година укажуваат дека 5,2 проценти од сите невработени лица се Роми. Податоците од 2008 овозможуваат увид во образовниот профил на невработената ромска популација. Имено, 33 проценти немаат довршено основно образование, 7 проценти имаат целосно или нецелосно средно образование, а само 0.1 процент (31 лице) имаат завршено високо образование. Анализа на УНДП направена во 2010 година открива дека стапката на невработеност на Ромите во 2008 година изнесувала 75 проценти и е највисока во споредба со сите етнички заедници во Македонија и повеќе од двојно од државниот просек од приближно 30 проценти.

Прашањето на сиромаштијата е исклучително важно во контекст на образованието, бидејќи е познато дека ниското или недоволно образование е причина за сиромаштија, но и последица од сиромаштијата. Ромите живеат во 64 од вкупно 85 општини во државата.

Приближно 45 проценти од ромската популација во Македонија живее во десет општини: Битола, Дебар, Гостивар, Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп, Штип, Тетово и Виница. Речиси истиот процент на ромска популација (43,1 процент) живее во главниот град Скопје, а половина од нив се во општината Шуто Оризари, каде што Ромите се мнозинство (Институт Отворено Општество, 2011: 8-9).

Причина за нискиот степен на образование е лошата економско социјална состојба на голем дел на ромските семејства, голем процент на незапишани деца во предучилишното образование како значаен момент за социјализација и инклузија во образовниот систем, недоволното познавање на македонскиот јазик што доведува до неможност за нормално следење на наставата, непостоењето на соодветни домашни услови за учење поради несоодветното решение за домување на поголем дел од ромското население .

Потоа, отсуството на свеста за значењето на образованието во ромските средини, особено на родителите е уште една причина за не запишувањето, отсуствата и напуштањето на училиштето по завршувањето на четврто или петто одделение. Патријархалното воспитување, од друга страна, не ги мотивира, ниту пак ги охрабрува девојчињата да се вклучат во образовниот процес. Исто така, Ромите се соочуваат и со ниска стапка на здравствена заштита што е една форма на дискриминација и покрај основните универзални права и прописи.

# *IV УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА РОМСКИТЕ УЧЕНИЦИ ПОВРЗАНИ СО СИТЕ НИВОА НА ОБРАЗОВАНИЕ*

## 1. Потреби на ученици Роми по нивоа на образование

Согласно со налагањата на меѓународните документи, за задолжително основно образование и создавање на услови за намалување на трошоците за средното образование, Република Македонија направи исчекор во однос на другите европски земји, со тоа што, со законски решенија е воведено и задолжително средно образование. Како социјална држава, во насока на намалување на трошоците за средно образование, Владата на Република Македонија обезбеди бесплатни учебници за учениците во основното и средното образование и бесплатен превоз.

За надминување и ефикасно разрешување на проблемите во образованието, особено на проблемите со кои се судруваат Ромите, во рамки на Декадата на Ромите, формиран е Образовен фонд за Ромите. Целта и задачата поради која е формиран овој фонд е да се грижи за одржливоста на образовните програми, кои пред сè вклучуваат заедничка инклузија и интеграција во образовниот процес, во насока на подобрување и унапредување на состојбата на Ромите во образованието.

За учебната 2009/2010 година, Министерството за образование и наука со финансиска поддршка од Ромскиот образовен фонд од Будимпешта додели 800 стипендии за учениците Роми запишани во јавните и приватните средни училишта (Ајановска,2010:22-26)

Поаѓајќи од основниот приоритет на државата за поголема опфатност на населението и зголемување на образовното ниво, а со тоа и намалување на бројот на неписмени лица, и конкретните мерки се во насока кон успешно комплетирање и унапредување на квалитетот на образованието.

Сепак, и покрај тоа што во документите се пропишани нови норми и стратегии, реалната слика за децата од ромската етничка заедница е навистина загрозувачка. Во таа насока, на улиците повторно можеме да ги забележиме децата коишто просат, а уште позагрозувачки е фактот што често децата се принудувани на тоа од страна на нивните родители коишто ги злоупотребуваат.

Во предучилишното образование како основни потреби на децата од ромската етничка заедница се следните:

- финансиска помош за запишување на децата во градинките
- потреба од здравствена заштита и постојани здравствени прегледи
- неоотуѓување поради националната припадност (Ајановска,2010:28).

Можеме да заклучиме дека во предучилишното образование, децата немаат големи потреби со цел да започнат со редовниот образовен систем, додека пак веќе во основното образование, децата се соочуваат со поголем потреби.

Во основното образование како основни потреби на децата од ромската етничка заедница се следните:

- потреба од здравствена заштита и постојани здравствени прегледи
- потреба од стратегии за недискриминација поради националноста и бојата на кожата
- потреба од учење на јазикот на кој се спроведува наставата
- потреба од социјализација со другите деца кои не се во составот на оваа етничка заедница

- потреба од основни услови за живеење каде децата ќе се чувствуваат вдомено и сигурно
- потреба од зголемена контрола на ромското население и запишувањето на децата во образовните институции (Ајановска,2010:29)

Во средното образование потребите се исти како и во основното образование, но се појавува и потребата од слободен избор на училиштето во коешто децата од ромската етничка заедница би сакале да го продолжат своето образование.

Во високото образование, покрај потребите на средното образование, се појавува повторно потребата од финансиска помош бидејќи високото образование не е бесплатно.

## 2. Потреба од реформирање на ромското образование во Република Македонија

Сè уште премногу ниската стапка на вклученост на децата од ромската етничка заедница во образовните процеси и осипувањето, нискиот квалитет на образованието, како и негативните ефекти на сегрегацијата во образованието.

Во една доброосмислена стратегија на државно ниво за унапредување на Ромите, како на пример, Националната стратегија за Ромите, нужно би требало да се води сметка за традицијата и вредностите кои се негуваат во ромската култура. Треба да се осмисли начин како општите недостатоци да се поврзат со позитивен однос кон образованието, односно да се осмисли начин како образованието да се зајакне како вредност и посакувана цел во ромската култура.

Досега на Ромите им е наметнато да се адаптираат на начинот на живот на поголемите заедници, при што како на најсиромашна и најранлива заедница не им се нуди соодветна помош. Од нив се очекува да одговорат на стандардите на редовното образование, подмирување на трошоците за поседување на потребен школски материјал и други школски и воншколски активности, иако е апсолутно јасно и познато дека огромен процент од ромската популација не може да одговори на овие барања.

Во рамките на позитивна акција, потребно е да се извлечат децата од гетоата, потребно е развивање на ’пожелни’ училишта, кои ќе бидат пожелни и за деца од нeромска популација, со што ќе се стимулира мешањето на децата по разни основи, па и на етничка.

Затоа што отсуството на мешање со текот на времето ги снижува квалитетот, критериумите, квалитетот на наставниот кадар - кадарот кој треба да биде подобро платен, кадар кој ќе останува и по училишното време.

## 3. Еднаквоста на образовните шанси како теорија и идеологија

Еднаквоста на образовните можности е од особено значење, бидејќи образованието претставува фундаментална човекова потреба. Векслер, истакнува дека односот меѓу образованието и општествената еднаквост е тема на истражување која е во центарот на американската идеологија.

Во овој контекст В. Бруковер и Е. Ериксон истакнуваат дека во САД преовладуваат две спротивставени верувања за воспитанието и образованието: прво, вкоренето уверување во еднаквоста на образовните шанси во текот на школувањето и второ, во верувањето дека учениците и луѓето воопшто, мошне се различни и дека тие разлики генетски се структуирани и дека училиштата треба, учениците да ги подготвуваат за различни општествени позиции токму во зависност од овие разлики (Бруковер и Ериксон, 1975:105).

Проблематиката на односот на образовните можности од аспект на теоријата и идеологијата, е особено динамична и сериозна бидејќи бара анализа на низа документи и стратегии со цел потоа да се оцени стапката на имплементација. Реалната ситуација, оваа состојба ја оценува како присуство на голем број на теорија, а на сметка на тоа премала стапка на практична имплементација.

# *Истражувачки дел*

## ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Секое истражување започнува со поставување на истражувачкиот проблем кој потоа ја определува насоката на дејствување, анализирање, набљудување и слично. И покрај глобалното пренесување на искуствата и знаењата кои што ја определуваат потребата за образование децата од ромската етничка заедница поради: финансиската немоќ, недоволното образование на нивните родители, незнаењето на македонскиот јазик, далечината на училиштата и низа на други причини апстинираат од образованието.

Високата стапка на ученици кои го напуштаат процесот на редовно образование претставува сериозен проблем во Република Македонија. Тој е во фокусот на вниманието на сите релевантни актери во процесите на планирање, развој, имплементација и поддршка на образовните политики. И покрај тоа што овој феномен е присутен кај сите етнички групи во нашето општество, стапката на напуштање на училиштата е највисока во рамките на ромската етничка заедница. Поврзувањето на овој проблем со одредена етничка група укажува на постоење на социјална исклученост базирана на социјална, религиозна, културна, јазична и родова заедница (Институт отворено општество, 2010: 10).

Состојбата со образовната исклученост на децата од ромската етничка заедница може да се дефинира како многу сериозна. Голем број деца воопшто не се вклучени во образовниот систем на Скопје, или пак го започнуваат формалното образование и не го довршуваат истото. Децата од ромската етничка заедница се исклучени од многу аспекти на општествениот живот, нивните права се негираат и тие се соочуваат со сиромаштија. Затоа, се појавува иницијатива за обезбедување на пристап на еднакви можности за образование на децата од ромската етничка заедница.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Со цел истражувањето да биде успешно спроведено, се поставуваат првичните цели и задачи на истражувањето. Задачите се помногубројни и ја објаснуваат смислата на изработката на магистерскиот труд, додека пак целите се делат на општи и конкретни и ги објаснуваат точките од кои се води магистерскиот труд.

### *Научна цел на истражувањето*

**Општа цел** на истражувањето е анализа на сознанијата на сите релевантни актери вклучени во образовните процеси на локално ниво и развивање на дополнителни мерки за унапредување на процесите за упис, посета и задржување во училиштето на децата од ромската етничка заедница, како и унапредување на нивните училишни постигнувања.

**Посебни цели се следните:**

- анализа на социјалниот статус на семејствата од каде потекнуваат децата од ромската етничка заедница и влијанието над еднаквите образовни можности ;
- анализа на социјалниот статус на семејствата во кои живеат децата од ромската етничка заедница и влијанието над еднаквите образовни можности ;
- идентификација на средината на потеклото[5] на децата од ромската етничка заедница и нејзиното влијание над еднаквите образовни можности;

[5] При спроведувањето на истражувањето насочено кон еднаквите образовни можности на децата од ромската етничка заедница под поимот средина на потекло се подразбира средината во која се родени (ромските населби Шуто Оризари, Баир – Битола и Тризла-Прилеп).

- идентификација на полот на децата од ромската етничка заедница при иницијативата за еднакви образовни можности ;
- идентификација на возраста ;
- идентификација на училишните постигнувања на децата вклучени во проектните активности на ромските образовни центри;
- анализа на етничка припадност при конструирањето на еднакви образовни можности;

Истражувањето на магистерскиот труд е насочено кон утврдување дали постои поврзаност помеѓу ромската националност и еднаквите образовни можности започнувајќи од предучилишните институции па сè до високообразовните институции. Исто така, истражувањето има за цел да утврди како слабата финансиска моќ и ниското образовно ниво на родителите од ромската етничка заедница влијаат над образовната иднина на нивните деца.

**Општествено – практична цел на истражувањето**

Анализата на резултатите од ова истражување ќе може да даде одговор на најчесто поставуваното прашање околу еднаквите образовни можности на децата од ромската етничка заедница во предучилишните институции, основните училишта, средните училишта и факултетите.

Исто така, од особено значење ќе биде сознавањето на главните фактори кои влијаат при конструирањето на еднакви образовни можности за децата од ромската етничка заедница. Откако ќе се постигнат тие цели, ќе може да се изложат препораки за идно управување со еднаквите образовни можности на децата од ромската етничка заедница.

***Задачи на истражувањето***

Истражувањето на магистерскиот труд е насочено кон ромските деца и родители и има за задача:

1. Да се утврди влијанието на социјалното потекло на децата од ромската етничка заедница врз нивните образовни можности;
2. Да го утврди интензитетот на влијание на родителите од ромската етничка заедница над еднаквите образовни можности на нивните деца;
3. Да се испита дали поголемиот број на деца од ромската етничка заедница потекнуваат од фамилии со ниски класи кои се манифестираат со драстична финансиска немоќ која влијае над еднаквите образовни можности;
4. Да се утврди какво е влијанието на атмосферата во училниците помеѓу децата од ромската етничка заедница и децата од другите етнички заедници врз еднаквоста на образовни можности;
5. Да се утврди степенот на интеракција помеѓу децата од ромската етничка заедница и наставниците/професорите при конструирањето на еднакви образовни можности;
6. Да се утври кои превентивни мерки се најуспешни при подобрувањето на образовните можности, односно да се анализираат факторите коишто ќе ги мотивираат родителите на децата од ромската етничка заедница да ги пратат примарно во предучилишните институции, а потоа и во останатите образовни институции.

## ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### *Теоретско определување на предметот на истражување*

Предмет на ова истражување е да се утврди степенот на влијание на независните варијабли како што се националноста и социјалното потекло на децата од ромската етничка заедница врз обезбедувањето на еднакви образовни можности во Скопје.

Тоа е потребно бидејќи во магистерскиот труд ќе се иницира да се создадат еднакви образовни можности на децата од ромската етничка заедница, а националноста и социјалното потекло на пример, се соодветни темели за понатамошното истражување насочено кон согледување на факторите кои што влијаат над образованието на децата од ромската етничка заедница во предучилишните институции, основното училиште, средното училиште и високообразовните институции.

Имајќи ја предвид комплексноста на секоја од независните варијабли (националност и социјално потекло) предметот на ова истражување може да се расчлени на следниот начин:



Воедно со истражувањето во магистерскиот труд ќе се испита влијанието на ромската националност и влијанието на социјалното потекло од аспект на вклученоста на децата од ромската етничка заедница во предучилишните институции, основните и средните училишта и факултетите (високообразовните институции).

Како предмет на ова истражување ќе биде земен и односот на наставниците кон децата од ромската етничка заедница и начините коишто тие ги практикуваат со цел да ги мотивираат нив како ученици коишто треба да се чувствуваат рамноправно покрај децата од мнозинските национални групи.

***Дефинирање на основните поими од истражувањето***

Основни поими на истражувањето се: етничка група, род, пол, училиште и социјално потекло.

***Етничка група*** – Етничка група или етнос е различна група на луѓе, кои се идентификуваат едни со други врз основа на вистинско или наводно заедничко наследство - биолошко потекло, историја, раса, родствени врски, религија, јазик, култура, територија, националност или изглед (Ranger, 1983: 23-24).

Според пописот во 2002 година, застапеноста на Ромите во вкупното население во РМ изнесува приближно 2.7% со што Ромите се четвртата по големина етничка заедница во државата (по Македонците, Албанците и Турците). Овој податок е значаен затоа што само објективен податок за уделот на ромската во вкупната популација ќе биде основа за градење на посеопфатни стратегии во доменот на различни општествени сфери, а меѓу нив и образованието кое што е предмет на истражување на магистерскиот труд.

***Училиште*** – Под поимот училиште се смета организација или воспитно-образовна единица која врши настава од одреден вид, по одреден наставен план и програма, со еден или повеќе наставници, без оглед на тоа дали таа организација има самостојна управа или е под раководство на некоја друга управа. Секоја географски одвоена извештајна единица, исто така, се смета за училишна единица (Спасовски, 2011:23-35).

***Социјално потекло*** - со овој поим се означува степенот на образование на родителите, занимањето на родителите, месечните приходи кои се остваруваат во семејството од кое се потекнува (Институт отворено општество, 2010: 18-22).

***Операционално определување на предметот на истражување***

Во делот на операционото определување се расчленуваат веќе определените поими.

**Националност**

Националност е односот помеѓу личноста и државата од која потекнува вклучувајќи ги и нејзините култура и потекло. Националноста обезбедува контрола над личноста од страна на државата (Лутовска, 2010:1-2).

Утврдувањето на големината на ромската националност во Република Македонија овозможува поинаква позиција при остварувањето на правото за правична застапеност на Ромите и децата од ромската етничка заедница во институциите на државата, ставајќи го акцентот на образовните институции, што е предуслов и за создавање на критична интелектуална маса за имплементација на повеќе процеси во различни сфери од живеењето.

## Социјално потекло

Под социјално потекло се разгледуваат социо-економските фактори кои подразбираат: (1) Занимање на таткото, (2) Занимање на мајката, (3) Степен на образование на таткото, (4) Степен на образование на мајката, (5) Месечни приходи во семејството на потекло, и (6) Месечни приходи во сопственото семејство (Brayman, 1993: 34-38).

## Образовен процес

Образовниот процес е систем на искуства, знаења и активности на децата кои вклучуваат способност за приспособување, учење, апстрактно мислење и глобална способност за целисходно, рационално и за успешно функционирање со својата околина. (Wylie, 2000:24-25)

Под образовен процес се разгледуваат сите искуства, знаења и активности на децата од ромската етничка заедница во поглед на унапредувањето на нивниот образовен процес.

Тука се опфатени и начините на дејствување на настанвниците и професорите во процесот на мотивација, привлекување и задржување на децата од ромската етничка заедница во образовните институции каде тие можат да се изборат и да конструираат еден подобар образовен живот преку кој не би се чувствувале загрозени, оддалечени и нееднакви со другите деца.

## Еднакви образовни можности

Една група автори поаѓаат од стојалиштетот дека еднаквоста на образовните шанси е тесно зависна од содејството меѓу наследните (генетските) фактори и условите на општествената средина. Од заемното дејство на овие фактори, настануваат одредени социјални разлики кои се неправедни, а во најголема мерка поединците немаат никакво влијание врз тоа (Жоглев, 2002: 147).

Доколку во некое глобално општество постојат големи економски и други нееднаквости, а истото тоа нив ги репродуцира тогаш не може да се зборува за еднаквоста на образовните шанси меѓу луѓето за завршување високо образование и достигнување на висок општествен статус, а со тоа и создавање општествен углед и моќ (Жоглев, 2002:145-147).

Проблемите на еднаквоста на образовните шанси се една од позначајните теми на истражување во рамките на социологијата на образованието (Георгиевски, 1994: 84-114)

Според Џулија Ивец, еднаквост на шансите значи дека секој поединец мора да добие еднаков дел образовни ресурси, независно од неговите способности, а за да може тоа да се постигне потребно е да биде стандардизирано целото школување (Жоглев, 2002:150-151).

## ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### Општа хипотеза

Социјалното потекло на децата од ромската етничка заедница влијае на еднаквите образовни можности во Скопје.

### Посебни хипотези

1. Националната припадност на децата од ромската етничка заедница влијае врз еднаквите образовни можности во Скопје;
2. Средината на семејство од каде потекнуваат (урбана или рурална) и каде што живеат децата од ромската етничка заедница влијаат врз еднаквоста на нивните образовни можности во предучилишните институции, основното образование, средното образование и високообразовните институции во Скопје.

**Поединечни хипотези**

1. Полот на децата од ромската етничка заедница влијае врз еднаквите образовни можности;
2. Степенот на образование што го посетуваат децата од ромската етничка заедница и неговото влијае врз еднаквите образовни можности;
3. Социјалниот статус на семејствата од коишто потекнуваат децата од ромската етничка заедница влијае врз еднаквите образовни можности;
4. Социјалниот статус на семејствата во коишто живеат децата од ромската етничка заедница влијае врз еднаквите образовни можности;
5. Третманот на децата од ромската етничка заедница во образованиот систем ;
6. Дискриминираноста на децата од ромската етничка заедница во образованиот систем;

## ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во рамките на ова истражување се издвојуваат следните независни варијабли:

➢ Националната припадност

➢ Социо - економските карактеристики на децата од ромската етничка заедница како независни варијабли:

- Облека, училишен прибор и останати материјални средства,
- Општествен притисок за школување,
- Авторитет на професори/наставници,
- Услови за извршување на домашни задачи,

➢ За целите на ова истражување, како зависни варијабли ќе се издвојат начините на однесување и мотивационите фактори на воспитувачите кон децата од ромската етничка заедница.

## МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето на техниките кои што ќе бидат спроведени при истражувањето насочено кон еднаквите образовни можности на децата од ромската етничка заедница е да се создаде репрезентативен примерок како основа за изведување на анкетното испитување кое пошироко и подлабоко ќе навлезе во истражуваните проблеми.

При истражувањето, ќе се користи анкета. Структурно, истражувањето ќе се фокусира на: актуелната состојба во образованието на децата од ромската етничка заедница во Скопје, во која ќе бидат вклучени и евентуални подобрувања или тенденции кон подобрување во последните години, потешкотии во реализација на предвидени процеси, насочени кон унапредување на образованието на децата од ромската етничка заедница и предизвици со кои треба да се соочи нашето општество, со цел да се унапреди образованието на децата од ромската етничка заедница во Скопје и да се постигнат еднакви образовни можности за децата од ромската етничка заедница.

Притоа, истражувањето ќе се фокусира на неколку клучни прашања, кои генерално ќе се однесуваат на:

- почитување на правото на образование и еднакви образовни можности за децата од ромската етничка заедница во Скопје;
- проценка на состојбите на семејствата од коишто потекнуваат и семејствата во коишто живеат децата од ромската етничка припадност во Скопје;
- анализирање на документи за завршено образование и постигнат успех на децата од ромската етничка заедница во Скопје;

Во истражувањето ќе се употребат анкета и анализа на документи како инструменти на истражувањето за еднакви образовни можности на децата од ромската етничка заедница.

Целите на анкетата ќе произлезат од целокупното истражување, а ќе се состојат во тоа преку неа да се добијат релевантни и систематски податоци за социјалната структура на учениците од ромската етничка заедница во Скопје и нејзиното влијание врз изборот на училиштето или високообразовната институција, нивното меѓусебно другарување и успехот во школувањето, како и воопшто одлуката да бидат дел од еден образовен процес.

## *II Добиени резултати од спроведеното истражување*

### Основни табели

| | Вкупно | Пол | | Структура % | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | Вкупно | Машки | Женски |
| **Вкупно** | 106 | 47 | 59 | 100,0 | 44,3 | 55,7 |
| **Основно** | 31 | 13 | 18 | 100,0 | 41,9 | 58,1 |
| **Средно** | 55 | 23 | 32 | 100,0 | 41,8 | 58,2 |
| **Факултет** | 20 | 11 | 9 | 100,0 | 55,0 | 45,0 |




Од табелата и графиконот можеме да заклучиме дека во истражувањето учествувале вкупно 106 испитаници од кои 44,3% се од машката популација, а 55,7% од женската популација. Во основното и средното образование биле вклучени околу 42% од машката популација, а 58% од женската популација. Кај испитаниците кои посетуваат високо образование имаме обратна ситуација, во истражувањето биле вклучени 55% од машката и 45% од женската популација.

Можеме да заклучиме дека женските ученички се со поголем број застапени во истражувањето и веројатно тоа е поради поголемиот ризик кој го чувствуваат женските ученички за разлика од машките деца кои се припадници на ромската етничка заедница.

| 1. Дали Вие како ученик сте задоволни од својата облека, училишен прибор и останатите материјални средства? | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Машки | | | | Женски | | |
| | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш |
| **Вкупно** | 100 | 72,6 | 26,4 | 0,9 | 100 | 66,0 | 31,9 | 2,1 | 100 | 78,0 | 22,0 |
| **Основно** | 100 | 80,6 | 19,4 | 0,0 | 100 | 69,2 | 30,8 | 0,0 | 100 | 88,9 | 11,1 |
| **Средно** | 100 | 70,9 | 29,1 | 0,0 | 100 | 73,9 | 26,1 | 0,0 | 100 | 68,8 | 31,3 |
| **Факултет** | 100 | 65,0 | 30,0 | 5,0 | 100 | 45,5 | 45,5 | 9,1 | 100 | 88,9 | 11,1 |

Доколку како потврден одговор ги земеме „да секогаш“ и „да понекогаш“, можеме да забележиме дека учениците кои посетуваат основно и средно образование одговориле дека со 100% се задоволни од својата облека, училишен прибор и останатите материјални средства, додека пак студентите одговориле дека се задоволни со 95% од својата облека, училишен прибор и останатите материјални средства.

Можеме да заклучиме дека и покрај фактот дека децата од ромската етничка заедница не ги поседуваат истите финансиски средства како децата од другите етнички заедници, сепак се задоволни од својата облека, прибор и други материјални средства. Голема е веројатноста дека тоа е последица на недоволно развиената свест кај децата. За разлика од основното образование, во средното веќе забележуваме разлика од 5%, што е знак дека дел од испитаниците во овој период созреваат и започнуваат да ги согледуваат разликите од аспект на училишниот прибор, облека и останати материјални средства.

**2. Дали Вие сметате дека постои недостаток од материјален аспект кој влијае над одлуката да бидете дел од учениците на редовното образование?**

| | | | | | | Машки | | | | Женски | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Се чувствувам... | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Се чувствувам ... |
| **Вкупно** | 100 | 10,4 | 29,2 | 59,4 | 0,9 | 100 | 12,8 | 38,3 | 48,9 | 100 | 8,5 | 22,0 | 67,8 | 1,7 |
| **Основно** | 100 | 3,2 | 16,1 | 77,4 | 3,2 | 100 | 0,0 | 23,1 | 76,9 | 100 | 5,6 | 11,1 | 77,8 | 5,6 |
| **Средно** | 100 | 16,4 | 25,5 | 58,2 | 0,0 | 100 | 21,7 | 26,1 | 52,2 | 100 | 12,5 | 25,0 | 62,5 | 0,0 |
| **Факултет** | 100 | 5,0 | 60,0 | 35,0 | 0,0 | 100 | 9,1 | 81,8 | 9,1 | 100 | 0,0 | 33,3 | 66,7 | 0,0 |

Од табелата можеме да заклучиме дека 77,4 % испитаниците од основното образование се изјасниле дека не постои недостаток од материјален аспект, а испитаниците кои посетуваа средното образование 58,2% се изјасниле дека не постои недостаток од материјален аспект кој влијае над одлуката да бидат дел од редовното образование. Студентите одговориле спротивно, 65% од нив се изјасниле дека постои недостаток од материјален аспект кој влијае над одлуката да бидат дел од редовното образование.

Можеме да заклучиме дека со поголеми проценти во основното и средното образование учениците се изјасниле дека не чувствуваат материјален недостаток, но сепак видлив е и процентот на оние кои чувствуваат. Станува збор за разлики во зрелоста на децата и гледиштата кои ги имаат.

Веќе на факултетите децата чувствуваат драстична разлика и тоа се појавува како последица на тоа што факултетот не е бесплатен, има поголеми финансиски расходи од една страна, а од друга страна се појавува развиената свест како академски граѓани.

**3. Дали Вие без разлика на Вашата облека, училишен прибор и останатите материјални средства би се одлучиле за училиште коешто навистина Ве предизвикува и интересира?**

| | | | | | | Машки | | | | | Женски | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Можеби | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Можеби | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Можеби |
| **Вкупно** | 100 | 74,5 | 9,4 | 8,5 | 7,5 | 100 | 78,7 | 14,9 | 4,3 | 2,1 | 100 | 71,2 | 5,1 | 11,9 | 11,9 |
| **Основно** | 100 | 71,0 | 9,7 | 12,9 | 6,5 | 100 | 76,9 | 15,4 | 0,0 | 7,7 | 100 | 66,7 | 5,6 | 22,2 | 5,6 |
| **Средно** | 100 | 78,2 | 9,1 | 7,3 | 5,5 | 100 | 82,6 | 13,0 | 4,3 | 0,0 | 100 | 75,0 | 6,3 | 9,4 | 9,4 |
| **Факултет** | 100 | 70,0 | 10,0 | 5,0 | 15,0 | 100 | 72,7 | 18,2 | 9,1 | 0,0 | 100 | 66,7 | 0,0 | 0,0 | 33,3 |



Од табелата и графикот можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците од основното, средното и високото образование би се одлучиле за училиште коешто навистина ги предизвикува и интересира без разлика на облеката, училишниот прибор и останатите материјални средства.

Тоа се појавува како резултат на амбициите и желбите за образование кои ги поседува секоја индивидуа. Со највисока застапеност се студентите кои имаат најразвиена свест и веќе се соочени со потребата од образование.

**4. Дали Вие ги земате во предвид Вашата облека, училишен прибор и останатите материјални средства кога одлучувате со кој ќе другарувате?**

| | | | | | | Машки | | | | | Женски | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Можеби | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Можеби | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Можеби |
| **Вкупно** | 100 | 6,6 | 14,2 | 74,5 | 4,7 | 100 | 6,4 | 19,1 | 66,0 | 8,5 | 100 | 6,8 | 10,2 | 81,4 | 1,7 |
| **Основно** | 100 | 3,2 | 9,7 | 83,9 | 3,2 | 100 | 0,0 | 15,4 | 76,9 | 7,7 | 100 | 5,6 | 5,6 | 88,9 | 0,0 |
| **Средно** | 100 | 9,1 | 18,2 | 67,3 | 5,5 | 100 | 13,0 | 21,7 | 56,5 | 8,7 | 100 | 6,3 | 15,6 | 75,0 | 3,1 |
| **Факултет** | 100 | 5,0 | 10,0 | 80,0 | 5,0 | 100 | 0,0 | 18,2 | 72,7 | 9,1 | 100 | 11,1 | 0,0 | 88,9 | 0,0 |




Од табелата и графиконот можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците од основното, средното и високото образование не ги земаат во превид облеката, училишниот прибор и останатите материјални средства кога одлучуваат со кој ќе другаруваат.

Тоа е последица на фактот дека учениците се свесни за неопходноста на соработката и пријателството, па токму затоа настојуваат своите амбиции да ги насочат кон унапредувањето на полето на образованието без да се споредуваат во однос на другите.

**5. Дали Вие секојдневно за да дојдете до училиште патувате повеќе од два часа?**

| | | | | Машки | | | Женски | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Да | Не | Вкупно | Да | Не | Вкупно | Да | Не |
| **Вкупно** | 100 | 2,8 | 97,2 | 100 | 2,1 | 97,9 | 100 | 3,4 | 96,6 |
| **Основно** | 100 | 0,0 | 100,0 | 100 | 0,0 | 100,0 | 100 | 0,0 | 100,0 |
| **Средно** | 100 | 3,6 | 96,4 | 100 | 0,0 | 100,0 | 100 | 6,3 | 93,8 |
| **Факултет** | 100 | 5,0 | 95,0 | 100 | 9,1 | 90,9 | 100 | 0,0 | 100,0 |

Од табелата можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците од основното, средното и високото образование патуваат пократко од два часа секојдневно за да дојдат до училиште.

Можеме да заклучиме дека тоа се должи на фактот дека при запишувањето родителите и децата се обидуваат да донесат одлука за училиште кое е најблиску до местото во кое ученикот живее. Исто така, со урбанизацијата се изградија голем број на училишта па голема е веројатноста децата да имаат поголеми можности за избор на училиште во непосредна близина на местото на живеење.

**6. Дали местото од каде потекнувате е рурално или урбано место за живеење?**

| | | | | Машки | | | Женски | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Урбано** | **Рурално** | **Вкупно** | **Урбано** | **Рурално** | **Вкупно** | **Урбано** | **Рурално** |
| **Вкупно** | 100 | 88,7 | 11,3 | 100 | 87,2 | 12,8 | 100 | 89,8 | 10,2 |
| **Основно** | 100 | 93,2 | 6,8 | 100 | 95,0 | 5,0 | 100 | 91,7 | 8,3 |
| **Средно** | 100 | 90,7 | 9,3 | 100 | 81,3 | 18,8 | 100 | 96,3 | 3,7 |
| **Факултет** | 100 | 73,7 | 26,3 | 100 | 81,8 | 18,2 | 100 | 62,5 | 37,5 |



Од табелата и графиконот можеме да забележиме дека испитаниците кои биле вклучени во анкетното истражување нерамномерно се застапени според типот на населеното место во кое живеат- најголем дел од оние кои посетуваат во основното (93%), средното (91%) и високото образование(74%) потекнуваат од урбано место за живеење.

Овој резултат се појавува како последица на зголемената стапка на преселување од село во град. Сé повеќе родителите настојуваат, доколку имаат можности да се преселат во урбаните места на живеење сметајќи дека на тој начин ќе им обезбедат на децата подобри можности за образование.

Студентите пак, многу често сами се преселуваат во урбани места, најчесто во главниот град Скопје сметајќи дека тука можат подобро да просперираат и егзистенционираат и најчесто живеат во непосредна близина на факултетите.

**7. Дали Вие чувствувате дека се соочувате со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството од кое потекнувате?**

| | | | | Машки | | | Женски | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Да | Не | Вкупно | Да | Не | Вкупно | Да | Не |
| **Вкупно** | 100 | 18,3 | 81,7 | 100 | 19,1 | 80,9 | 100 | 17,5 | 82,5 |
| **Основно** | 100 | 9,7 | 90,3 | 100 | 15,4 | 84,6 | 100 | 5,6 | 94,4 |
| **Средно** | 100 | 20,8 | 79,2 | 100 | 17,4 | 82,6 | 100 | 23,3 | 76,7 |
| **Факултет** | 100 | 25,0 | 75,0 | 100 | 27,3 | 72,7 | 100 | 22,2 | 77,8 |



За испитаниците кои посетуваат основно образование 84.6% од машката популација и 94.4% од женската популација се изјасниле дека не се соочуваат со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството од кое потекнуваат.

Оние кои посетуваат средно образование 82,6% од машката популација и 76,7% од женската популација се изјасниле дека не се соочуваат со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството од кое потекнуваат. Испитаниците кои посетуваат високо образование 72,7% од машката популација и 77,8% од женската популација се изјасниле дека не се соочуваат со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството од кое потекнуваат.

Од табелата и графиконот можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците во основното (90.3%), средното (79.2%) и високото образование (75%) чувствуваат дека не се соочуваат со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството од кое потекнуваат.

Овој резултат е последица на развиената свест на учениците и студентите кои покажуваат иницијативи единствено за образование и настојуваат да се стекнат со соодветен степен на знаење без при тоа да го поставуваат акцентот на социјалниот статус на семејството од кое потекнуваат.

### 7. Дали Вие чувствувате дека се соочувате со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството со кое живеете?

| | Вкупно | | | | Машки | | | Женски | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не |
| **Вкупно** | 100 | 4,8 | 21,0 | 74,3 | 100 | 27,7 | 72,3 | 100 | 8,6 | 15,5 | 75,9 |
| **Основно** | 100 | 3,2 | 12,9 | 83,9 | 100 | 15,4 | 84,6 | 100 | 5,6 | 11,1 | 83,3 |
| **Средно** | 100 | 5,6 | 20,4 | 74,1 | 100 | 21,7 | 78,3 | 100 | 9,7 | 19,4 | 71,0 |
| **Факултет** | 100 | 5,0 | 35,0 | 60,0 | 100 | 54,5 | 45,5 | 100 | 11,1 | 11,1 | 77,8 |



За испитаниците кои посетуваат основно образование 84.6% од машката популација и 83,3% од женската популација се изјасниле дека не се соочуваат со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството со кое живеат. Оние кои посетуваат средно образование 78,3% од машката популација и 71% од женската популација се изјасниле дека не се соочуваат со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството со кое живеат. Испитаниците кои посетуваат високо образование 77,8% од женската популација се изјасниле дека не се соочуваат со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството со кое живеат, додека машката популација со 54,5% се изјаснила спротивно дека „понекогаш" се соочуваат со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството со кое живеат.

Од табелата и графиконот можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците во основното (83,9%), средното (74,1%) и високото образование (60%) чувствуваат дека не се соочуваат со образовни бариери поради социјалниот статус на семејството со кое живеат.

Овој резултат е последица на развиената свест на учениците и студентите кои покажуваат иницијативи единствено за образование и настојуваат да се стекнат со соодветен степен на знаење без при тоа да го поставуваат акцентот на социјалниот статус на семејството со кое живеат. Исклучокот го гледаме кај студентите од машката популација и тоа е резултат на нивните зголемени материјални барања, како на пример автомобили, станови и слично.

**9. Дали местото во кое сега живеете е урбано или рурално место за живеење?**

| | | | | Машки | | | Женски | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Урбано | Рурално | Вкупно | Урбано | Рурално | Вкупно | Урбано | Рурално |
| Вкупно | 100 | 87,6 | 12,4 | 100 | 83,0 | 17,0 | 100 | 91,4 | 8,6 |
| )сновно | 100 | 96,8 | 3,2 | 100 | 92,3 | 7,7 | 100 | 100,0 | 0,0 |
| Средно | 100 | 85,2 | 14,8 | 100 | 78,3 | 21,7 | 100 | 90,3 | 9,7 |
| ›акултет | 100 | 80,0 | 20,0 | 100 | 81,8 | 18,2 | 100 | 77,8 | 22,2 |




Од табелата и графиконот можеме да забележиме дека најголем дел од испитаниците кои посетуваат основното (96.8%), средното (85,2%) и високото образование (80%) биле од урбано место на живеење.

Слична е распределбата и по пол – машки испитаници во основното образование биле 92,3%, во средното образование 78,3% и 81.8% во високото образование. Женски испитаници во основното образование биле 100%, во средното образование 90,3% и 77,8% во високото образование.

Од табелата можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците од основното, средното и високото образование живеат во урбано место за живеење и тоа е последица на желбата и верувањето дека урбаните места нудат поголеми образовни можности кај децата. И во секојдневната практика во урбаните места за живеење има поголем број на образовни центри и образовни институции.

**10. Дали Вие моментално сте дел од редовниот образовен систем по Ваша желба или поради притисок?**

| | Вкупно | | | | Машки | | | | Женски | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Своја желба | Поради моето семејство | Образованието е задолжително | Вкупно | Своја желба | Поради моето семејство | Образованието е задолжително | Вкупно | Своја желба | Поради моето семејство | Образованието е задолжително |
| **Вкупно** | 100 | 90,6 | 3,8 | 5,7 | 100 | 85,1 | 6,4 | 8,5 | 100 | 94,9 | 1,7 | 3,4 |
| **Основно** | 100 | 90,3 | 3,2 | 6,5 | 100 | 84,6 | 7,7 | 7,7 | 100 | 94,4 | 0,0 | 5,6 |
| **Средно** | 100 | 89,1 | 3,6 | 7,3 | 100 | 82,6 | 4,3 | 13,0 | 100 | 93,8 | 3,1 | 3,1 |
| **Факултет** | 100 | 95,0 | 5,0 | 0,0 | 100 | 90,9 | 9,1 | 0,0 | 100 | 100,0 | 0,0 | 0,0 |



Од табелата и графиконот можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците од основното, средното и високото образование моментално се дел од редовниот образовен систем по сопствена желба, а не поради притисок.

Тоа се појавува како резултат на фактот дека децата се свесни за потребата од образование и токму затоа, тие се одлучуваат да бидат дел од редовниот образовен процес.

Оттука, нема потреба родителите да вложуваат дополнителни напори за да ги убедуваат децата да бидат дел од образовниот систем.

**11. Дали чувствувате дека не сте еднакво третирано во однос на редовниот образовен систем и професорите/наставниците кон Вас се однесуваат со голем авторитет?**

| | | | | | Машки | | | | Женски | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не |
| **Вкупно** | 100 | 7,5 | 41,5 | 50,9 | 100 | 8,5 | 48,9 | 42,6 | 100 | 6,8 | 35,6 | 57,6 |
| **Основно** | 100 | 12,9 | 22,6 | 64,5 | 100 | 7,7 | 38,5 | 53,8 | 100 | 16,7 | 11,1 | 72,2 |
| **Средно** | 100 | 7,3 | 50,9 | 41,8 | 100 | 13,0 | 56,5 | 30,4 | 100 | 3,1 | 46,9 | 50,0 |
| **Факултет** | 100 | 0,0 | 45,0 | 55,0 | 100 | 0,0 | 45,5 | 54,5 | 100 | 0,0 | 44,4 | 55,6 |




Од табелата и графиконот можеме да забележиме разлики при одговорите зависно кое ниво на образование посетуваат испитаниците. Испитаниците од основното и високото образование слично одговориле. Кај машката популација во основното образование се изјаснила дека 53.8%, а во високото образование 54,5%, чувствуваат дека се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем и професорите/наставниците кон нив не се однесуваат со голем авторитет.

Женската популација во основното образование се изјаснила дека 72,2%, а во високото образование 55,6% чувствуваат дека се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем и професорите/наставниците кон нив не се однесуваат со голем авторитет.

Кај машките испитаници во средното образование 69,6% и 50% од женските испитаници се изјасниле дека „секогаш“ и „понекогаш“ не се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем и професорите/наставниците кон нив се однесуваат со голем авторитет.

Од табелата и графиконот генерално можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците во основното (64,5%) и високото образование (55%) чувствуваат дека се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем и професорите/наставниците кон нив не се однесуваат со голем авторитет. Додека за средното образование најголем дел од испитаниците (58,2%) се изјасниле дека „секогаш“ и „понекогаш“ не се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем и професорите/наставниците кон нив се однесуваат со голем авторитет.

Можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците од основното, средното и високото образование не чувствуваат дека не се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем и професорите/наставниците кон нив не се однесуваат со голем авторитет и тоа се појавува како резултат на нивната способност да се спротивставуваат на неправдата и да се изјаснуваат за своите желби и потреби, особено доколку се наоѓаат на поголема годишна возраст.

**12. Дали чувствувате дека не сте еднакво третирано во однос на редовниот образовен систем поради тоа што демонстраторите не се свесни за Вашите образовни потреби?**

| | | | | | Машки | | | | Женски | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не |
| **Вкупно** | 100 | 7,5 | 33,0 | 59,4 | 100 | 6,4 | 42,6 | 51,1 | 100 | 8,5 | 25,4 | 66,1 |
| **Основно** | 100 | 0,0 | 16,1 | 83,9 | 100 | 0,0 | 23,1 | 76,9 | 100 | 0,0 | 11,1 | 88,9 |
| **Средно** | 100 | 10,9 | 41,8 | 47,3 | 100 | 13,0 | 47,8 | 39,1 | 100 | 9,4 | 37,5 | 53,1 |
| **Факултет** | 100 | 10,0 | 35,0 | 55,0 | 100 | 0,0 | 54,5 | 45,5 | 100 | 22,2 | 11,1 | 66,7 |



Од табелата и графиконот можеме да забележиме разлики при одговорите зависно кое ниво на образование посетуваат испитаниците и нивниот пол. Машката популација во основното образование се изјаснила дека 76,9%, а женската популација 88,9% чувствуваат дека се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем поради тоа што демонстраторите се свесни за нивните образовни потреби.

Во средното и високото образование машката популација во најголем дел 60,9% (54,5%) се изјасниле дека „секогаш" и „понекогаш" не се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем поради тоа што демонстраторите не се свесни за нивните образовни потреби. Во средното и високото образование женската популација обратно се изјаснила од спротивниот пол, најголем дел 53,1% (66,7%) се изјасниле дека се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем поради тоа што демонстраторите се свесни за нивните образовни потреби.

Од табелата и графиконот генерално можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците во основното (83,9%) и високото образование (55%) чувствуваат дека се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем поради тоа што демонстраторите се свесни за нивните образовни потреби. Додека за средното образование најголем дел од испитаниците (52,7%) се изјасниле дека „секогаш" и „понекогаш" не се еднакво третирани во однос на редовниот образовен систем поради тоа што демонстраторите не се свесни за нивните образовни потреби.

Загрижувачките резултати се појавуваат во средното образование, но тоа е резултат на пубертетот кој се појавува кај децата, особено кај машката популација и во овој период децата сметаат дека никој не води грижа за нивните желби и потреби, вклучувајќи ги и образовните.

13. Дали професорите/ наставниците континуирано упатуваат демотивирачки пораки до Вас поради кои Вие се чувствувате дискриминирано на основ етничка припадност?

| | | | | | Машки | | | | Женски | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не | Вкупно | Да секогаш | Да понекогаш | Не |
| **Вкупно** | 100 | 2,8 | 27,4 | 69,8 | 100 | 4,3 | 31,9 | 63,8 | 100 | 1,7 | 23,7 | 74,6 |
| **Основно** | 100 | 3,2 | 3,2 | 93,5 | 100 | 0,0 | 7,7 | 92,3 | 100 | 5,6 | 0,0 | 94,4 |
| **Средно** | 100 | 1,8 | 36,4 | 61,8 | 100 | 4,3 | 39,1 | 56,5 | 100 | 0,0 | 34,4 | 65,6 |
| **Факултет** | 100 | 5,0 | 40,0 | 55,0 | 100 | 9,1 | 45,5 | 45,5 | 100 | 0,0 | 33,3 | 66,7 |



Од табелата и графиконот можеме да забележиме разлики при одговорите зависно кое ниво на образование посетуваат испитаниците и нивниот пол. Машката популација во основното образование се изјаснила дека 92,3%, а женската популација 94,4% не чувствуваат дека професорите/ наставниците континуирано упатуваат демотивирачки пораки до нив поради кои тие не се чувствуваат дискриминирано на основ етничка припадност.

Машката популација во средното образование се изјаснила со 56,5%, а женската популација со 65,6% дека не чувствуваат дека професорите/ наставниците континуирано упатуваат демотивирачки пораки до нив поради кои тие не се чувствуваат дискриминирано на основ етничка припадност. Машката популација во високото образование 54,5% се изјаснила дека „секогаш“ и „понекогаш“ чувствуваат дека професорите/наставниците континуирано упатуваат демотивирачки пораки до нив поради кои тие се чувствуваат дискриминирано на основ етничка припадност.

Во високото образование женската популација обратно се изјаснила од спротивниот пол, најголем дел 55% се изјасниле дека не чувствуваат дека професорите/ наставниците континуирано упатуваат демотивирачки пораки до нив поради кои тие не се чувствуваат дискриминирано на основ етничка припадност.

Од табелата и графиконот генерално можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците во основното (93,5%), средното (61,8%) и високото образование (55%) се изјасниле дека не чувствуваат дека професорите/ наставниците континуирано упатуваат демотивирачки пораки до нив поради кои тие не се чувствуваат дискриминирано на основ етничка припадност.

Можеме да забележиме дека најголемиот дел од испитаниците од основното, средното и високото образование се изјасниле дека професорите/ наставниците континуирано не упатуваат демотивирачки пораки до нив поради кои тие се чувствуваат дискриминирано на основ етничка припадност. Тоа е резултат на фактот дека наставниците/професорите се свесни и обучени како да постапуваат.

**14. Дали сте биле во ситуација кога професор/наставник се однесувал агресивно кон Вас?**

| | | | | Машки | | | Женски | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Да | Не | Вкупно | Да | Не | Вкупно | Да | Не |
| **Вкупно** | 100 | 27,4 | 72,6 | 100 | 40,4 | 59,6 | 100 | 16,9 | 83,1 |
